СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 1996 година

Скопје, мај 1996 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 45-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 29 МАЈ 1996 ГОДИНА**

Дневен ред:
-Пратенички прашања

Дискутанти:
1.АБДИ ФАИК - 20, 24
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 35
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 67
4. БАЈРАМ АМДИ - 89
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 116
6. ЃЕОРЃИЕВ ДРАГАН - 84
7. ГОЦЕВСКИ ИЛИЈА - 37
8. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 8, 121
9 ИБРАИМИ САМИ - 79, 80
10. ЖУТА БЕКИР - 16, 26, 69, 73, 74, 77, 83, 88, 97, 103, 108, 114, 119, 120
11. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 3, 73
12. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 9, 13
13. КАДРИУ ЗЕЌИР - 56, 57, 60
14. КАРОВ ИЛИЈА - 64
15. КАРОВ ЗВОНК0О - 112
16. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 83
17. МИНОВ ПАНЧО – 104, 105, 110, 112
18. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 118
19. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 13, 18
20. ОСМАНИ РУФИ - 45, 47, 49, 50, 54
21. ПЕТКОВСКИ ТИТО - ( води седница)
22. ПАРАЌЕОВ НИКОЛА - 18, 44, 66
23. ПЕТКОВСКИ БРАНКО - 41
24. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 54, 56, 64,
25. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 92
26. ПЕЦОВ МИРКО - 96, 98
27. РАМАДАНИ ХИСЕН - 2, 43, 72
28. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 122
29. РАМАДЖНИ САЛИ - 62, 64
30. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 93
31. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 99
32. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 38
33. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 75
34. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 82, 102
35. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 75, 78, 79.
36. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 4, 6, 39
37. ТОДОРОВА СОФИЈА - 7, 15, 27, 29, 52, 53, 58, 69, 108, 122.
38. ТАЛИНЏИОВСКИ ПЕТАР - 32
39. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 33, 34
40. ТУДА РАМИ - 60
41. ХАСИПИ КЕНАН - 7
42. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ – 83 (води седн.)
43. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 20, 25
44. ФИТИ ТАКИ - 5,11,34
45. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА - 41, 44, 59
46. ЧОКРЕВСКИ ТОМИСЛАВ - 17
47. ЧАПОВ СЛАВЧО - 30
48. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 91
49. ШУНДОВСКИ ЈОРГО - 121
50. ШАКИРИ ХИСНИ - 29
51. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 85, 88.

КРАЈ

# ВТОРО ПРОДОЛЖЕНИЕ

## на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 1996 година

Седницата се одржа во сала 2, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Атанас Вангелов, Владимир Станковски, Ни- кола Г. Поповски, Јован Лазаров и Марјан Котлар ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Бранирод Михајловски, Атанас Вангелов, Хисен Рамадани, Тодосија' Паунов, Зоре Темелковски, Назми Маљичи, Борис Костаќев, Кире Видимче, Стојан Ковачевски, Бранко Арсовски, Зоран Шапуриќ, Славко Котевски, Пецо Стојановски, Ристо Трајков, Симон Наумовски, Фаик Абди, Хисни Шаќири, Димитар Трпеновски, Љубомир Чадиковски, Нано Ружин, Јован Николов, Вељо Тантаров, Благоја Стојковски и Томислав Стојановски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања. (Не).

I/2.-CJ/МЛ

Господин Хисен Рамадани, процедурално бара збор.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, колеги, почитувани, сакам да го предложам следново. Пред да почнат прашањата да се повика министерот за здравство. Веројатно сите сте запознати со случајот за големо тровање во Струга на ученици од Средниот училиштен центар од Тетово, медицински, и мислам дека ќе има прашања и дека ќе треба министерот усмено, денес да одговара заради сепак големата заинтересираност за јавноста, а и доста напната состојба во Тетово.

Молам да се викне министерот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, оваа интервенција на господинот Рамадани не можеме да не ја прифатиме. Сите министри мора да бидат тука при- сутни или нивните заменици. Според тоа, тие што не се тука, молам да се повикаат.

Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, институтот пратенички прашања е регулиран и со Деловникот за работа и воопшто претставува еден од основните сегменти на демократските расправи и воопшто демократијата во овој наш систем. Меѓутоа, со време иако повеќе пратеници досега сме интервенирале, а мислам има интервенција и од пратеникот Кире Видимче во писмена форма, уште еднаш апелирам на несериозниот приод кон оваа институција од следните причини:

Прашање поставено на 17 мај 1995 година од мене, многу кратко, дали ќе се реализира прославата од 50-годишнината од тетовската гимназија "Кирил Пејчиновиќ", која што прослава имаше одредени, да речеме калкулации. За среќа оваа прослава се реализира на 6 октомври 1995 година, на општо задоволство. Јас добивам пред два дена одговор на ова пратеничко прашање, по една година дека практично, во кое со одговор се известувам, дека прославата по повод 50-годишниот јубилеј од постоењето и работата е одржана на 6 октомври 19 95 година.

Дали има смисла воопшто еден ваков одговор, ваков третман на пратеничко прашање. Јас да ви кажам и лично, а и вие сите треба да бидете навредени од едно вакво понижување и девалвирање на пратеничкото прашање.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, нема дополнително.

Господин Котевски има збор.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин претседателе, драги пратеници, не сум задоволен од одговорот на Министерството за урбанизам и екологија во врска со поставеното прашање за изградба на водовод во село Оптичари. Одговорот гласи дека ова село водовод ќе добие со изградбата на трасата, односно на каналот за водовод кој што треба да оди до грчката граница до село Меџитлија. Меѓутоа, најверојатно за две до три години дека нема да стигне водата до грчката граница, а селото мислам Оптичари денеска кога има изобилство на дождови со цистерна се снабдува со вода за пиење. Водата за пиење толку е загадена, јас и кога

го поставував пратеничкото прашање кажав дека најмалку годишно од 10 до 15 души поради загаденоста на водата умираат и плус што одат на дијализа во Битола и во Струга. Оддалеченост ана селото од градскиот водовод е само 1,5 км. Спремни се и селото да учествува со сопствени средства. Не знам сериозноста од страна на Министерството е обрнато внимание, меѓутоа сметам дека овој проблем треба да се разреши што е можно поскоро. Од страна на санитарната инспекција од Битола веќе по трет, четврта пат водата се забранува, а едно село до самиот град кое што е само 1,5 км.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали ќе одговори претставник на Владата?

Во писмена форма ќе добиете одговор.

Дали некој има незадоволен од веќе пристигнатите одговори.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Скоро пред една година имав поставено пратеничко прашање, за тоа кога ќе биде објавен списокот на граѓаните кои во изминатиот период на разни начини и по разни канали ги подигнаа заробените девизни средства од нашите банки. Станува збор за заробени девизни штедни влогови. Добив одговор од Владата од кој не сум задоволен. Јас барав да се објави списокот на граѓаните, а не списокот на претставниците на бившата Влада и бившиот Парламент, односно пратениците дека Владата до нив се упатила со молба да кажат дали имаат или немаат подигнато штедни влогови. Па некои од нив не одговорил на ова прашање.

Јас барав да се објави списокот на сите граѓани кои во изминатиов период си ги зедоа заробените штедни девизни влогови.

I/5.-

На прашањето, зошто за опинците се плаќа данок на промет во износ од 25%, а за државните возила и трактори само 5%, имам одговор во кој се вели дека целата стока се наоѓа во една категорија на стоки па не може да се прави некоја разлика. Сметам дека сепак треба да се одговори малку попрецизно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитувани пратеници, видете, врзано со објавување на списоци на граѓани кои што евентуално успеале како што вели господинот Тантуровски на еден или друг начин да ги повлечат замрзнатите девизи од сметките на банките треба да се има секогаш во предвид фактот, а мислам дека тоа во основа е објавено во договорот, дека во врска со тоа имаме проблеми кои што се од законска природа. Имено, според нашите законски прописи меѓу другото, постои тајност, тоа е деловна тајна на банките за тоа колку одделни граѓани имаат депонирани штедни влогови во банките. И, според нашите законски прописи меѓу другото за да можат да се отворат тие сметки треба да се исполнат соодветни услови, односно тоа може само по налог на судот. И тука се основните проблеми. Јас не сакам тоа сега посебно да го образложувам, тоа е добро образложено и овде, во самиот одговор.

Што се однесува до вториот дел на прашањето на господинот Тантуровски зошто кај опинците е данокот од 25%, видете станува збор за општата даночна стапка од 25%. Насекаде во светот тоа е основен принцип кај политиката на даноци и кај тој сегмент на макро -економската политика најголемиот број на производи мора да се оданочуваат на идентичен начин со општата тарифа, односно со општата стапка.

Тоа не е само кај царините, туку тоа е во принцип за сите јавни давачки, а во овој конкретен случај се однесува за данокот на промет. Според тоа, исклучоци кога има и кога се прават тие исклучоци треба да имаат некоја економска логика. Меѓутоа во економската наука, теорија и практика се смета дека секој исклучок значи нарушување на пазарниот принцип - дисторзија на пазарот, бидејќи на тој начин едни производители автоматски ги ставате под повластени услови, а други производители не ги ставате под повластени услови, односно една категорија на граѓани со данокот на промет можете да ги ставите под повластени услови, за друга категорија тоа да не го предвидите и токму заради тие дисторзии што ваквите мерки на економската политика ги предизвикуваат на пазарот или да кажам поедноставно заради тие искривувања на пазарот не се прави таква толеранција за поодделни производи, едноставно имаат пониски, односно диференцирани стапки на промет. Тоа е мислам принцип кој што апсолутно одговара на пазарната логика и затоа е тоа така поставено и во законот.

Благодарам.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Најпрвин сакам да побарам од господинот министер да ми го научи право презимето, јас сум Тантаров, не Тантуровски, (од место министерот се извинува) и второ, бидејќи штедните влогови се покриени со некој превез на голема тајна и Владата не може да чепка по тој превез, јас не барам понатаму одговор на ова прашање.

Второ, во врска со прашањето за опинците, господине министре, опинците ги носат најсиромашните луѓе во нашава држава и јас кога поставив прашање реков дека годишно од Србија се увезуваат околу 200 илјади чифта опинци и сметам дека опинците не може да бидат ставени

во една иста рамка на даноци заедно со гумите. За опинците мора да има помали даноци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој сака дополнително прашање?

Има збор госпоѓа Софија Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Јас ја прифаќам забелешката и критиката упатена од пратеникот Томислав Стојановски, но заради тоа што сме тука министри би требало ако нешто не е така како што се тврди тоа да се демантира, јас би кажала дека прашањето од Влада до Министерството за образование е доставено на 16 мај 1996 година и веднаш е одговорено на тоа прашање. Веројатно има некој проблем и се затурило тоа прашање во административните служби на Собранието, затоа што доставувањето како да стои дека е извршено петти месец 1996 година од Собранието до Владата. Ова го кажав од аспект на ажурното одговарање од страна на Министерството за образование.

**ИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на поставување на пратенички прашања.

Има збор господин Ќенан Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Јас имав три прашања, третото нема да го поставам, за- тоа што нема претставник од соодветниот ресор од Владата.

Првото прашање е адресирано до Министерството за внатрешни работи. Прашањето гласи: "До каде е стигнато со истрагата во врска со трагичната смрт на потпретседателот на ПДА Вистински пат, покојниот Мухамет Ќазимоски од Струга, починат на ден 28 декември 1995

година".Што презело МВР во врска со откривање на сторителот на делото, дотолку повеќе што се работи за млада, 33 годишна особа, татко на три деца, а починат под сомнителни околности и најден на коловозот, најден на 5-6 метри оддалеченост од коловозот, усмртен. Едно соопштение од МВР на Република Македонија би допринесло да се оневозможат било какви шпекулации во врска со овој трагичен настан.

Претпочитам писмен одговор.

Второ прашаше, бев задолжен по иницијатива на верниците од Титов Велес и Меркезот на џамијата Фазил Ахмет - Паша од Титов Велес, прашањето делумно е упатено до Министерството за внатрешни работи, а делумно до Министерството за култура. Имено, познато е дека пред повеќе од две години е поминато од пожарот кој што настана во наведената џамија. Според првичните информации и сознанија на МВР се работеше за подметнат пожар. Доколку е тоа точно дали МВР има сознанија кој е сторителот на подметнатиот пожар и кои активности се преземени од страна на МВР за откривањето и казнувањето на сторителот.

А, вториот дел од прашањето се однесува, дали Министерството за култура одвоило или ќе одвои одредени финансиски средства за реконструкција на изгорениот објект дотолку повеќе што објектот претставува културно - историска вредност кој што датира од XVII век и е ставен од 1946 година наваму под заштита на државата. Средствата издвоени од Исламската верска заедница не се доволни за реконструкција на гореспоменатиот објект.

И овде претпочитам писмен одговор.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, пратеници, министри, размислував доста дали да се јавам за поставување на пратеничко прашање бидејќи за две

години немам добиено ниеден одговор. Сигурно ќе ги добијам одговорите на крајот на мандатот. Но, тоа е тоа. Замолен сум од група граѓани - родители исто така и од Општинското собрание, имено прашањето ќе биде наменето до ресорното Министерство за образование и физичка култура и МВР. Голема појава на ширење на дрога во училишниот центар "Кочо Рацин". Собранието година и повеќе дискутираше за ова, директорот не сака да даде никаков одговор. Отстранети се од училиште повеќе млади петнаесетгодишни ученички и мислам дека ова треба да се сфати како проблем, бидејќи не може да чека Министерството за образование и физичка култура да земе една обврска, едно задолжение да испрати луѓе и да се испита на теренот. Жално е, Свети Николе станува дилерски град, а другата се дистрибуира и се обавува во училишниот центар. Мислам дека за ова треба да се позанимава и МВР.

Ова е барање од родителите и не мора одговор, туку нека се преземат мерки.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, до пратеничката група на Либералната партија со претставка се обратија работници од Скопската железарница во која стои дека со записник број 097-01218 од 10 јуни 1994 година Комисијата за утврдување на кражбата во погонот Ладна валавница формирана од Работничкиот совет се констатирани недостатоци во набавката, испораката приемот, складирањето и трошењето на резервни делови. Констатирана е кражба во вредност од 170 илјади ДМ. Со одлука на Работничкиот совет на ова претпријатие, одговорните лица се суспендирани.

До Владата и Јавниот обвинител доставено е барање за покренување на постапка, но според информациите на поднесувачите на

претставката досега за тоа ништо не е превземено, напротив одговорните лица и натаму извршуваат одговорни функции.

Прашањето е до Владата што Владата презела за расветлување на конкретниот случај.

Второто прашање, од усвојувањето на Предлогот за донесување на законот за денационализација поминаа 7,5 месеци, а Владата се уште и покрај неколкуте ветувања во собраниска процедура не го доставила Нацртот на законот за денационализација. Бидејќи ова е прашање што засега многу граѓани на Република Македонија и членови на нивните семејства, ја прашувам Владата, кои се причините поради кои се уште не е изработен Нацртот на законот и кога Владата ќе ни го достави во собраниска процедура.

**ТАКИ ФИТИ:**

Јас ќе му одговорам на г-динот Коцевски на второто прашање бидејќи за првото прашаше јас немам соодветна информација.

Околу Законот за денационализација, пишуваше нешто и во Печат, бидејќи некој новинари на два наврати ме прашуваат за таа работа. За што станува збор?

Сите вие пратениците знаете дека, меѓу другото, законот за денационализација, кој што е многу значаен е еден од битните услови за влечење на втората транша на ФЕСА - кредитот. Меѓутоа не е само заради тоа значаен. Ние имаме и морална и политичка и каква сакате друга обврска, да се изврши обесштетување на поранешните сопственици, од проста и едноставна причина што градиме демократско општество, пазарна економија итн.

Постои, што јас би рекол, една единствена причина и што јас мислам што е значајна и сега ќе ја образложам, зошто со овој Закон малку се доцни, односно зошто во оваа фаза малку е забавена целата работа. Фактични не е забавена работата, туку се работи на Законот, меѓутоа што е причината што тој веќе не се појави во Собрание, во завршната фаза.

Најверојатно сите вие знаете дека ние немаме ниту апроксиматива проценка на вкупната вредност на одземените имоти на поранешните сопственици кои сега треба да бидат обесштетени. Мислам дека многу е значајно барем да се дојде до една најапроксимативна бројка за вредноста на одземените имоти за да може, едноставно, државата да знае пред какви обврски влегува и како ќе ја реализира таквата обврска према граѓаните.

II/2.-

Ако тие граѓани еднаш би биле оштетени, би било многу несериозно ние да прифатиме некоја сума, да речам од ракав и да кажеме во ред е, да профилираме некакви решенија, такви какви што се дадени во Законот за денационализација, а после тоа државата да каже, слушајте, станува збор за многу голема обврска, ние не сме во состојба да ги обесштетиме поранешните сопственици. Тоа значи дека луѓето треба повторно да бидат излажени. Мислам дека и сериозна Влада и сериозна Држава не би смеела тоа да го направи.

Како што знаете, ние направивме анкета. Направени се преку 13 илјади побарувања. Во Министерството за финансии се работи во две смени се средуваат податоците. Најверојатно во тие 13.000 има и дуплирани барања и тоа е многу тешко да се раздвои затоа што поранешните бивши сопственици сами го вршеле тоа пополнување Ние дојдовме сега до еден материјал кој е најапроксимативен меѓутоа кој бара и дополнителна фаза на обработка за повторно да дојдеме до нај грубата проценка, бидејќи во зависност од големината на имотот, таа апроксимативност што треба да се врати, дефинитивно ќе треба да, се профилираат некој решенија за да не дојдеме во ситуација целиот товар да падне на Буџетот па Буџетот да не може тоа да го врати и граѓаните повторно да се најдат излажени. Е во тоа е суштината зошто сеуште не се појавил Законот за денационализација пред Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Коцевски дали сте задоволни од одговорот, или ќе барате и на ова прашање да ми се одговори писмено.

II/3.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ако може да се каже кога се очекува да влезе во процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-дине министре имате можност да кажете кога се очекува да влезе во процедура Законот.

**ТАКИ ФИТИ:**

Денес на колегиум ние расправавме. Јас не сум ногу задоволен од прегледноста на податоците што се добиени, меѓутоа мислам дека од прилика за 7-8 или 10 дена најверојатно ние ќе дојдеме до таа апроксимативна бројка, а после тоа ќе работиме брзо да излезе од Владата иако има, можеби, јулска седница на Собранието, да помина и прва фаза, евентуално. Тоа се нашите намери, ако дополнителни компликации тука не дојдат. Пак велам, само, единстнвено со согледување на апроксимативната вредност на имотот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Добро,

На првото прашање, одговор во писмена форма.

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитувани претседателе, дами и господа пратеници,

Најверојатно министрите мислеа, неодговорајки на многу наши прашања дека ние ќе се откажуваме на пратенички прашања, но гледам дека и понатаму остануваме упорни да поставуваме прашања.

Јас имам неколку прашања. На едно прашање не ми е даден одговор повеќе од 13 месеци. Тоа е прашањето, кога се планира да се изгради ул. Железничка во Битола и поврзување на патот Прилеп – Битола - Охрид со патот Битола- Грчка Граница.

II/4.-

Второ, го прашувам министерот за внатрешни работи и министрите за земјоделие и стопанство, зошто не ми одговорија на прашањата од претпоследната седница, а оттогаш има повеќе од 30-тина дена, а за одговори на двете прашања не им требаше повеќе од два дена.

Трето, прашање е, дали е вистина дека Агенцијата за приватизација вршела позајмување на одделни стопански субјекти од средствата прибрани за приватизација. Ако е вистина, кои се тие стопански субјекти и дали за позајмуваното на тие пари наплакале камата и врз основа на кои законски основ.

Ова прашање го поставувам врз основа на тоа што деновиве е присутно во средствата за информирање, а врз основа на тоа би поставил уште едно прашање во склоп на ова.

Ја прашувам Владата врз основа на која програма Агенцијата за приватизација во изминатата година ги користела средствата прибрани по основ на приватизација. Според законот за приватизација тие средства треба да се користат врз основа н програма што Владата ќе ја предложи во Собранието, а Собранието ќе ја усвои. Ние, минатата година таква Програма како Собрание не усвоивме, а на претпоследната седница на Комисијата за економска политика и развој од претставниците на Комисијата бевме информирани дека тие средства минатата година се користеле за социјални цели. Молам и на тоа прашање да ми се одговори.

Следното прашање е во министерот за образование и физичка култура. Имено, вчера прочитав дека е формиран Советот за спорт при Министерството за образование и физичка култура.

Прашувам, врз основа на кои критериуми е составен Советот за спорт при ова Министерство.

II/5.-

Од моите сознанија, не знам колку се точни, само двајца од 11 члена во Советот се надвор од Скопје. Среќа, јас сум од Битола еве има една г-ѓа од Битола. Но, се прашувам, ако е тоа вистина, дали навистина за спортот ќе се одлучува само во Скопје. Се работи за тело кое треба да предлага користење на средствата за спорт и физичка култура во Република Македонија. Навистина сметам дека е време еднаш да престанеме и да кажеме дека спорт и се друго и надвор од Скопје, а не се состои цела држава во Скопје. Затоа да не ве зачудува кога влегувате во Спортската сала во Битола, што цела публика Ви свири. Тие се основните причини.

Последното прашање е следното:

Минатата година кога расправавме за Законот за трговски друштва, беше речено дека мораме да го донесеме под притисок на меѓународните институции, до крајот на октомври. Еве денес, или на утрешната седница, ако денес не завршиме, ќе го разгледуваме овој Закон. Во склоп на овој Закон беше речено дека веднаш во рок од 20-тина дена, после овој Закон треба да се донесе и Законот за јавни претпријатија.

Прашувам до каде е процедурата со донесувањето на Законот за јавните претпријатија.

Тоа се моите прашања, а ако министрите за внатрешни работи и за земјоделие и стопанство не ги знаат прашањата од претпоследната седница, сум спремен да им кажам за кој прашања се работи.

**СОФИЈА ТОДОРОВСКА:**

Советот за спорт, неговото формирање е во надлежност на министерот.

При формирањето јас го почитував функционалниот, а не територијалниот принцип и ги почитував предлозите што ги добив од

одделните сојузи. Според Законот за спорт на територија на РМ, во секоја спортска гранка може да се формира само еден спортски сојуз кој ја обединува активноста на целото подрачје. Сега е проблем, се разбира, на Сојузот кој ќе биде претседател на тој Сојуз и кој тоа тело, како сојуз, го предложиле за член во Советот за спорт. Оттаму, реков јас во основа ги почитував предлозите дадени од спортските сојузи, со некои корекции што се во согласност со мојата надлежност.

**БЕКИР ЖУТА:**

На последното поставено прашање за Законот за трговски друштва и Законот за јавните претпријатија да одговориме.

Законот за јавни претпријатија е подготвен одамна, но мислам дека секој од вас го знае, тоа дека тој не може да му претходи на Законот за трговски друштва и Парламентот да го утврдува Законот за јавни претпријатијата да го утврди Законот за трговски друштва. Така да во зависност од тоа, дали и денес или утре, кога ќе го утврди Собранието Законот за трговски друштва, за релативно кратко време ќе има расправа по Предлогот на законот за јавните претпријатија.

Во еден дел на прашањеата кои се однесуваа за Агенцијата дали позајмувала средства, ако позајмувала - од кого, јас во својот на претседател на Комисијата за трансформација ќе го дадам следниот одговор.

Прво, Парламентот треба да го добие извештајот за работа за 1995 година на Агенцијата за трансформација во кој сите прашања се отворени и ако Собранието бара мислења, ќе го добие и мислењето на Владата во врска со тој Извештај, така како што е уредено во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Јас би можел да кажам од оној ден од кога сум претседател на таа комисија што се случува. Пред тоа не можам да кажам, но Извештајот ќе ги кажува работите.

Второ и основно прашање е, она што како парични средства на база на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал се формираат, мислам дека член 93 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ја утврдува намената во кои функции одат тие средства, големи или мали, толку колку што се намената е утврдена.

Дали има програма за оној дел што останува програмски да се решава? Зарем имаше програма проектот за 25-те загубари кој се утврди со Законот за 25-те загубари во 1995 година и целиот тој проект кој се спроведуваше во цела 1995 година, заклучно со 31.12.1995 година кои имаше висока цена, јас не треба да ве убедувам колкава беше таа цена и буџетска и на друг начин за да се реализираат тие концепции со тоа преструктуирање на тие 25 загубари. Дефакто тоа беше и Програмата во база на кој и дел од средствата се ангажирани во таа функција, кои никогаш не биле доволни, туку има и други средава од Буџетот на Републиката кои се проектирани во таа функција за да се извршува таа проектно таа задача со Законот за 25-те загубари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг претставник од Владата сака да даде одговор на другите поставени прашања.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам да кажам и јас како министер имаме и ќе имаме најсериозен однос према пратеничките прашања и сакам г-динот Најдовски да го уверам дека веројатно е настаната некоја забуна

II/8.-

или нешто друго во врска со не одговарањето на неговото прашање кое во овој момент, еве, јас не знам кој е тоа прашаше. Меѓутоа на следната седница кога ќе има одговор на прашања ќе ви биде даден одговор, како на тоа прашање, така и на секое кое можеме да одговориме. Јас сакав тоа да го нагласам дека од страна на Министерството, како и од страна на другите министерства во Владата имаме сериозен однос према пратеничките прашања.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

И на мене навистина не ми е познато прашањето затоа што беше спомнато Министерството за земјоделие дека има недоговорено прашање. Меѓутоа ќе се обидам да одговорам, бидејќи од потпретседателот на Владата, г-динот Трпевски ми беше пренесено дека на минатата седница на Собранието е поставено прашање од Либералната партија, дали е исплатена пченицата на производители од минатата реколта во Битола. Одговарам потврдно дека на 30.04. со позајмица на средства од Владата односно од нашето Министерство кооперантите во Битола се обезбедени со таа цена и пченицата е исплатена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-доме Најдовски дали сте задоволни со одговорите и за другите прашања дали инсистирате одговор да ви се даде во писмена или во усмена форма:

**СЛБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Прво да одиме со ред.

Најверојатно не се министрите виновни што не знаат за прашањата. сигурно Службите нивни некаде затаиле, а па еве два месеци не стигнале до министрите да се одговори. Но со ред ќе кажам колку сум задоволен.

II/9.-

Прво сум задоволен од одговорот на г-ѓата министерка за образование, но не сум задоволен од составот што го направила на Советот за спорт и физичка култура. Инаку ќе ми одговори онака како што е, дека таа го состави.

Второ, во однос на прашањата за приватизацијата, сметам дека добар е за почеток одговорот, но не е целосен и барам поцелосен писмен одговор.

По однос на прашањето на министерот за внатрешни работи,. прашањето се однесуваше, дали се создадени услови за поставување на граничните камења према Република Грција, каде што се уште стои СФРЈ и дали се создадени услови на тие камења таму да стои Република Македонија. Тоа беше прашањето.

Во однос на прашањето за министерот за земјоделие и стопанство, тоа без заедничко прашање во однос на пченицата. Прашањето тогаш ми беше,а на последната седница тоа побара информација Не само дали е исплатена, туку со која динамика пченицата е откупувана, е преземена од страна на стоковните резерви и како е исплаќана на купувачот, а со тоа и на земјоделците, бидејќи јас на последната седница кажав, тогаш потпретседателот рече дека Владата во континуитет расправа за тоа прашање и во секое време е спремна да даде и таква информација. На претходната седница не даде, очекував дека денес ќе ја даде таа Информација. Но еве денес ја немаме таа Информација.

Не е прашањето дали е исплатено. Јас ќе ви кажам дека има земјоделци на кое не им е исплатено. Но без разлика на тоа барав една динамика за откупот на пченицата, преземањето од страна на стоковите резерви и плаќањето на земјоделците.

За пченицата и за приватизацијата барам писмен одговор.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Обележувањето, господа пратеници на граничните камења во надлежност на Министерството за надворешни работи,не на Министерството за внатрешни работи,. има Неколку иницијативи од Министерството за внатрешни работи околу тоа со која динамика ова ќе оди. Тоа зависи од мешовитите комисии за одбележувањето, со конкретните држави. Такви се направени. Последната, околу одбележување на границата со СР Југославија, граничната линија со СР Југославија ќе биде направена.

Со Република Грција, одложувањето лежи на нивна страна бидејќи таа комисија никако нивниот состав не можеме да го добиеме. Веројатно во рамките на оваа динамика на подорување на меѓусебните односи таквата комисија од нивна страна ќе биде пополнета и сега ќе одиме веќе со сите четири граници на Република Македонија со соодветно обележување на граничните камења.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Абди Фаик.

**АБДИ ФАИК:**

Почитуван г-дин претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри,

Сакам да поставам неколку прашања до нашите министри, до Владата на Република Македонија и тоа:

1. Од денот на ратификацијата на Спогодбата за меѓусебното признавање и другите договори што следуваат помеѓу нас и СР Југославија дали воопшто има нешто ново, нешто позитивно во било која смисла, почнувајќи сигурно од стопанските движења, па завршувајќи со пријателства, ручеци, вечери итн.

III/2.-

2. Од денот на признавањето и приемот на нашата Република во организациите на ОН со што е потпомогната нашата држава и под кои услови од поедини земји, да речеме од ММФ, од Меѓународната банка за обнова и развој, Вашингтон, од Европската банка за обнова и развој како и други финансиски институции и корпорации. Се мисли од кои органи и организации на .земји?

3. Министерството за стопанство и Министерството за развој дали воопшто располагаат со податоци:

а) во проценти колку од нашите стопански капацитети односно органи, по својата технолошка компјутерска и друга опременост е компатибилна на западњачките капацитети за производство, преработка, земјоделие, трговија итн., ако може да се каже;

б) во проценти колку од стопанските капацитети можат со реконструкција и модернизација да бидат приближно еднакви на современите западни основни средства и капацитети;

в) во проценти, колку од нашите капацитети сегашни претставуваат веќе старо железо?

Се разбира, доколку нема вакви податоци и анализа, голема потреба е што побрзо тоа да се стори за да знаеме каде сме и што да бараме и од кого?

4. Преку нашите билатерални па и мултилатерални контакти дали досега успеавме да повратиме некои од пазарите со кои порано работевме, каде што порано ги пласиравме нашите производи? Дали
ма нешто ново?

5. Ова е за г-ѓата министерка по образование, дали г-ѓата министерка Софија Тодорова го овласти поранешниот декан на Филолошкиот факултет а сега пратеник во Собранието на РМ г-динот Вангелов Атанас за потпишуваше сертификати на околу 70 посетители на семинарот за ромски јазик што се одржа во текот на 1995 година.

Ова беше договорено и со поранешната министерка г-ѓата Емилија Симовска. Без овој сертификат, според одлуката на Педагошкиот совет на РМ кој ја прифати Програмата за учење на факултативна основа на ромскиот јазик, стручните услови бараат ВСС, ВШС и ССС, но со задолжително положен семинар по ромски јазик.

Ако ова не е сторено до сега, бидејќи општо познато е дека првата ромска читанка е излезена од печат и од септември децата би требало да учат на ромски јазик еден час неделно, молам што побрзо истото да се стори;

б) се надоврзувам на ова прашање, пред мене имаме еден материјал, една белешка од состанокот на Работната група за проучување на условите и можностите за задоволување на уставните права и обврски на ромската националност во системот на образованието од 7.07.1992 година, каде што под точка 3 се вели вака:

"Работната група заклучи дека е потребно (затоа што ние како ПЦЕР баравме катедра по ромски јазик) Филолошкиот факултет да подготви соодветен елаборат за отворање на лекторат по ромски јазик на Филолошкиот факултет во кој ќе ги обработи сите битни прашања сврзани со неговото отворање.

Елаборатот треба да се изготви најдоцна до 15 септември 1992 година, а потоа истиот согласно на позитивните законски прописи да се достави до Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" и до Министерството за образование".

Прашувам до каде е со оваа работа и воопшто дали е сторено и дали ќе се стори?

6. Неодамна имаше конкурс за прием на 15 девојчиња во Средното училиште за безбедност. Ме интересира каков е националниот состав на примените, бидејќи знам дека нема ниту една ромка. Сметам дека е неисправно и поставувам прашање до министерот за внатрешни работи

или кој треба да одговори, како барање да се зголеми бројот за 2-3 ученички затоа што досега има најмалку 5 девојчиња поднесено документи до училиштето.

7. Северна Рајна Вествалија, Сојузна Република Германија во договор со нашата Влада сукцесивно ги враќа и ги враќаше назад во Македонија своите азиланти, што е нормално. Меѓу двете влади е потпишан договор во Скопје да се изградат одредени бараки, опремени со намештај итн. Тоа значи дека доста наши фирми скопски најдоа работа во изградбата и опремувањето на тие бараки и домови. Познато е дека СР Германија тогаш и сега на разни начини помага на нашата земја.

Никој на овие азиланти, повратници до сега, значи три - четири години наназад не им побарал пари за струја, вода и други комунални услови. Сега. на двапати пред месец - два Електродистрибутивното претпријатие им бара кумулативно, значи од почетокот досега позамаени суми на пари што се движат од 4 до 7 илјади марки. Овие луѓе, односно повратниците од Северна Рајна Вествалија останаа без работа во скоро време, бидејќи како да беа вработени во Бирото за менаџерство од кое не видоа никаков аир. Значи, точката од Договорот за вработување остана нереализирана.

Иако Германците дадоа пари улиците не им се направени. Фекалиите пливаат на отворен канал, а плус се бараат пари за струја.

Ја молам Владата и молам истата да расправа и донесе одлука со што би ги ослободила овие граѓани од овие тешки давачки, а понатаму кој колку ќе троши струја нека си мисли.

Ова го кажувам и го барам заради тоа што кога дојдоа им беше кажано дека за струја и другите потреби мисли Бирото за менаџерство во заедница со Владата на Република Македонија. Доколку Владата нема услови да го стори ова, молам на првата наредна седница под итно да подготви информација за овие состојби и да се расправа.

III/5.-

Не сакам да именувам, како осмо прашање, лица, но го молам Министерот за внатрешни работи со своите луѓе, значи го молам министерот за внатрешни работи со своите луѓе кои одговараат за стопански криминал малку да поразговара околу една пријава моја заради одредени состојби во една институција. Не сакам и неа да ја спомнам ниту лицето за кое се работи. Само нека забележи таму па ќе дознае кај луѓето што се занимаваат со таа работа.

Како што е познато две политички партии покренаа прашање за предвремени избори. Жалам, ова ќе го расправаме, меѓутоа, јас не знаев дека тоа ќе биде на дневен ред овде.

Значи, како што е познато две политички партии покренаа прашање за предвремени избори на Република Македонија. Без разлика дали ќе се расправа или не по таа проблематика, го поставувам следното прашање:

Доколку се дојде до одлука за изјаснување на граѓаните за или против нови избори, референдумско изјаснување , апроксимативно колку средства би биле потребни за неговото спроведување?

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате во усмена или писмена форма г-дине Абди?

**ФАИК АБДИ:**

Ако има нешто што може да се даде како одговор сега може, ако не во писмена форма, но тоа молам што побрзо.

Преска не сакав да земам збор на поставеното прашање дали сум задоволен или не од одговорите, затоа што многу доцна, многу време поминува од денот на поставувањето на прашањето до добивањето на одговорите. Не е лошо стручните служби на нашата Влада, односно министерствата на време да одговорат за да може човек да расправа по нив, да важи тоа. После 6 месеци, има едно прашање пред 3 години

III/6.-

поставено, економистите тоа го знаат - "Каква е активата и пасивата на Република Македонија, замислена како едно претпријатие" господине Таки Фити. Одговор после 8 месеци ми дадоа. Па тоа веќе помине 1 јануари, 31 јануари, пописот Деше направен. Значи, ете тоа е тоа. На време да бидеме информирани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали на некој од поставените прашања на г-динот Абди Фаик некој од министрите ќе одговори?

Има збор г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Генерално односите со СР Југославија, земајќи го во обѕир потпишувањето на Меѓусебната спогодба за признавање и базично уредување на односите одат од една страна, според наши информации, како што знаете вие, впрочем овде Спогодбата од правен аспект ја ратификувавме, подготвена е Комисија за одбележување на границата, деловите и елаборатот за разговорите околу одбележување на границата ќе биде пред Владата на одобрување, од страна на Владата, тие базични рамки за разговарање за тоа.

Од друга страна, според информациите што ги имаме ратификацијата на Спогодбата од страна на СР Југославија е на дневен ред, ако не се лажам на 31 мај на нивното Собрание. На основа на тоа направени се неколку контакти и експертски групи подготвуваат спогодби што треба да бидат потпишани, а се предвидени со овој базичен договор. Веќе е готова главната Спогодба за пријателска соработка, избегнување на двојно оданочување. Како што знаете од посетата на нивните стопанственици еден базичен проект за слободна трговска зона кој постапно ќе се реализира. Истовремено, податоците околу билансот на размената јас прецизно не можам да ги дадам освен глобалниот податок

дека има пад на таа размена, земајќи во обѕир дека стандардот на кој таа сега се реализира е класичен стандард, преку меѓународни договори меѓу двете држави. Има еден темпорален, привремен пад на размената.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

На прашањето дали опремата и другите капацитети во нашите фабрики се компатибилни со опремата и капацитетите во западните земји, одговорот е дека не можат ни поинакви да бидат затоа што ако влезете во халите во фабриките низ РМ ќе најдете само опрема увезена од странство и од тие земји а не од сопствено производство. Така што во тој поглед нема проблеми.

Проблемите се од друга природа, добар дел од опремата е амортизирана и инвестиционото одржување, со оглед дека не е адекватно создава проблеми во функционирањето на таа опрема, односно настапува период на замена на опремата и проблемите што се присутни во стопанството и подготвеноста, односно неподготвеноста нивна да можат да се зафатат со инвестиционите зафати.

Така што второто прашање, дали по пат на реконструкција и амортизација може да се надомести, ако постојат разлики е сувишно во тој поглед. Но, процесот на модернизација и реконструкција секогаш е актуелен затоа што еден степен на опремуваше на капацитетите доживува за релативно кратко време морална амортизација и наеднаш станува актуелна и модернизацијата и реконструкцијата на капацитетите итн. Тоа е постојан процес, а не процес кој треба да ги доближи и да се совпаѓаат тие капацитети.

Четвртото прашање, ако добро запишав, дали успеавме да ги повратиме и колку ги повративме изгубените пазари?

Прво, мислам дека е тоа процес а не со акт и декрет да може за 24 часа некој некому да нареди да го постигне она што сака да го постигне. Тој процес во изминатите четири месеци преку физичкиот обем кој го надмина негативниот праг во десетте години изминати зарем не говори на некој начин индиректно дека настанува нешто ново. Веројатно, многу поблиски ќе ни бидат податоците со шестомесечјето, евентуално анализата за остварените резултати во 1996 година, што ние ја нарекуваме септемвриска анализа, што е пред фаза за да се утврди макроекономската политика за наредната 1997 година. Тогаш се прават биланси и реализацијата на општествениот производ во кои проценти е остварен во земјата и надвор и по земји. Веројатно, поблиски информации тогаш можат да се добијат, а не во овој период.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Тодорова, министер за образование.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Според постојната законска регулатива, тоа значи според Законот за насоченото образование, во надлежност на факултетите е да ги менуваат своите наставни програми и планови, при тоа со можност да предвидуваат и диверзификација, нови смерови или отворање катедри и лекторати.

Во овој случај, она што беше покренато од г-динот Абди Фаик веројатно како постапка требала да биде иницирана на Филолошкиот факултет, при што со добиено мислење, позитивно или негативно се доставува до Министерството за образование и физичка култура. За сега такво барање не е дојдено до нас.

Во врска со другото прашање, потпрашање за овој ресор, јас не сум дала овластување во овој период откако сум министер во ова Министерство на г-динот Атанас Вангелов за потпишување на сертификати како што кажавте.- Ќе проверам дали тоа е направено од претходниот министер.

Инаку, во рамките политиката и системот што го вообликуваме навистина водиме грижа за застапеност на ромскиот јазик како факултативна настава во одделни училишта. Се разбира, ако тоа е нашата намера, се грижиме за обезбедување и на соодветен кадар, а и научени помагала, во што веќе имаме регистрирано позитивни острвувања и зафати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На другите прашања ќе се одговори во писмена форма.

Има збор г-дин Шаќири.

IV/1.- JJ/OM

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас би сакал да поставам едно прашање до Министерството за образование и физичка култура што се однесува за професионалните средни училишта. Со оглед на фактот дека наставата во средните професионални школи кај албанските паралелки во многу центри се одвива на македонски јазик со образложение на директорите дека тоа е став на Министерството. Ме интересира дали е точно тоа што го велат одделни директ6ри,а ако не е точно тогаш следи другото прашање - во наредната учебна година 1996/97 Министерството за образование и физичка култура дали има намера да го реши овој проблем затоа што постојат такви кадри кој во одделни општини на конкурсите се одбиени. Јас имам таква информација.

**ТИТО ПЕТКОВСИ:**

Има збор министерот за образование.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Се разбира со Уставот е загарантирано правото во основното и средното образование учениците да се школуваат на својот мајчин јазик. И секогаш кога постои соодветен кадар наставата се изведува на јазикот на националноста. Има пропишано нормативи и стандарди што треба да ги исполни наставниот кадар за да биде вклучен во образовниот процес. Само во случај кога на објавен конкурс не се јави соодветен кадар, тогаш можно е наставата да се одвива на македонски јазик или пак, ако се јави некој и при тоа донесе диплома од нелегална институција и во тој случај, се разбира, таквиот наставник не може да биде вклучен во воспитно образовниот процес. Тоа правило, се разбира ќе биде

почитувано и за наредната учебна година, доколку на конкурс не се јави соодветен кадар, тогаш наставата се покрива на друг начин, се разбира ако не$а можност на албански јазик се изведува на македонски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали одговор барате во писмена форма или сте задоволни со одговорот.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Задоволен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседателе, министри и пратеници. Имам три прашања.

Првото прашање ми е до Владата на Република Македонија. Наиме, Владата на РМ на 1.о4.1996 година донесе Одлука за користење и висината на средства на солидарноста на Република Македонија за отстранување на последиците од елементарни непогоди на кој на општина Радовиш и се доделуваат солидарни средства во вид на без каматен долг. Прашањето е зошто на другите општини како Неготино, Кавадарци, Валандово кои што беа опфатени од елементарните непогоди им се доделени неповратни средства а на Радовиш бескаматен долг. Да напоменам, средствата беа околу пет милиони денари. Во општина Радовиш беше зафатен со елементарни непогоди Коначко - Лаковичкиот терен кој е прогласен како компактно заостанато подрачје

каде гравитираат само две земјоделски претпријатија, а останатите се индивидуални земјоделци на кои единствената егзистенција им е од земјоделството.

За истата работа Собранието на општина Радовиш поднесе барање до Владата и до ден денеска нема одговор. Ако може да се добие писмен одговор.

Второто прашање исто така се однесува до Владата на РМ. И прашувам дали Владата се интересира за одобрените средства на стечајните претпријатија или други како се употребуваат, за која цел се наменети и како се реализираат. За стечајното претпријатие "Радовишка трговија " од Радовиш, прашањето е дали има ова претпријатие одобрено средства од Владата, во кој износ се тие средства, со каква цел се одобрени и дали реализацијата на средствата е исполнета спрема договорот, а доколку не е, кој ги презема понатамошните одговорности.

И прашање три до Министерството за правда- бидејќи сега е модерно во повеќе претпријатија да владеат стечаите, би прашал, стечајните претпријатија, стечајната постапка се врши во различни временски периоди, без разлика дали е од оправдани или неоправдани причини. Барам соодветното министерство да ми одговори по писмен пат, исклучиво на прашањето - кој е максимален, а кој е минимален период за стечај во претпријатието, кој е одговорен за вршење на работите на стечајниот судија односно стечајниот совет, односно кој го избира начинот на трансформацијата за приватизација во соодветното претпријатие и каква е улогата односно ингеренциите на локалната самоуправа на ниво на општина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе биде одговорено во писмена форма.

Има збор г-динот Талимџиоски.

IV/4.-

**ПЕТАР ТАЛИНЏИОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници и господа министри.

Моето прашање е до Министерството за земјоделство.

Во Мариовскиот дел, поточно во прилепско Мариово има појава на скакулци, почнувајќи од Дуње до Витолиште. Познато е дека скакулецот во тој дел на Мариово прави пустош. Моето прашање до Министерство е, дали тоа има сознанија кој вид на скакулци се појавени во тој дел, која е превентивата што ја има преземено и кои мерки за борба.

Второто прашаше е до Министерството за сообраќај и врски.

Неодамна Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот во Прилеп заедно со локалната управа во присуство на претставниците на општината од Собранието на Република Македонија како и претставниците на УВР Прилеп ја разгледаа состојбата на сообраќајот во градот и општината и предложија соодветни мерки за подобрување на сообраќајот во општината. Констатирано е дека од 1994 година од 106 повреди, 61 се на патот Градско - Прилеп, од кои 40 се тешко сообраќајни незгоди, а посебно 25 на превојот Плетвар. Во 1995 година од 50 потешки сообраќајни незгоди 33 се случени на патот Превој - Плетвар. Во последнава година од 13 сообраќајни незгоди од кои само да спомнам 8 смртни случаи, 5 се на превојот Плетвар. Го поставувам прашањето до Министерството надлежно, дали може во оваа година да се прошири односно да се направи трета лента на патот Прилеп - Росоман односно Градско, посебно превојот Плетвар со единствена цел еднаш за секогаш да се сопре со човечките животи. Знаеме што значи пролевање на крв со давање макар и на еден човечки живот.

IV/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговорот ќе биде даден во писмена форма.

Има збор г-динот Миртсо Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, господа министри, прашањето што ќе го поставам се однесува на обемот на вредностите на акциите, односно уделите што можат да ги купуваат работниците во претпријатието под повластени услови. Оваа проблематика е регулирана со членовите од 25 до 30 од Законот за приватизација на претпријатијата со општествен капитал. Според овој закон право на купување на акции со повластени услови имаат работниците кој најмалку две години работеле во претпријатието што се трансформира, како и пензионираните работници. Корисникот на попуст може уделите да ги купува со основен попуст од 30% номинална вредност зголемен за 1% за секоја полна година на работен стаж во претпријатието. Со тоа во нееднаква-положба се ставаат работниците кои имаат повеќе флуктуации во своето работно ангажирање, а покрај тоа попустот се дава само за години на работен стаж , а не за бенефициран стаж, па поради ваквиот нееднаков третман на работниците кои што имале повеќе флуктуации на работното место и на работниците со беницифиран стаж во практиката се појавуваат пвоеќе проблеми во спроведувањето на законот.

Прашувам, какви се согледувањата на Владата по однос на нееднаквиот третман во трансформацијата на општествениот капитал на споменатите категории работници, значи работници со повеќе фруктуации на работното место и работници со беницифиран стаж, имајќи го предвид искуството од досегашното спроведување на законот, како и од аспект на член 9 од Уставот на Република Македонија.

IV/6.-

И второ дали Владата има намера да предложи измени и дополнувања на овој закон, за да се стават овие категории работници во рамноправен однос.

Може да ми се одговори и писмено и умено.

**ТАКИ ФИТИ:**

Одговорот може да биде подетален и во писмена форма, меѓутоа дали еден момент се има предвид, практично вработените, работниците можат правото на попуст да го користат еднократно само кај едно претпријатие, а не од едно друго и трето. Ако тој момент се има предвид, тогаш мислам дека ова многу не држи за нерамноправност.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Мене совршено ми беше јасно што ќе биде одговорот. Меѓутоа едно се поставува прашање, во коментарот на Законот стои дека секој работник кој што остварувал права во соодветни работни организации, може да се одлучи за онаа организација која најмногу му одговара. Меѓутоа, што значи тоа прашање. Дали некој работник кој што работел во друга фирма 5 години и не се определува за таа фирма, а во тој период од својот личен доход одвојувал аз сите придонеси на државата, учествувал во изградбата на тој општествен капитал, сега кој што се трансформира, да не ги има правата на повластици и на тој минат труд. Тука станува проблемот на прашањето. Јас не го спорам во една организација да го оствари правото, туку го спорам спојувањето на минатиот труд во однос на повалстиците. И второ во однос на бенифицираниот стаж, законска категорија, луѓе, со закон косиме друг закон, ако тие луѓе имаат право со тој бенифициран стаж да одат три месеци во годината порано од она што значи за останатите работници зошто сега тој пензиски стаж е вкупен однос за намалување на вредноста на купените акции во претпријатието што се приватизира.

IV/7.-

Добро сега се разбравме целосно, останувате на прашањето одговорот да го добиете во писмена форма.

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувани министри, најпрво ќе повторам едно прашање на кое што не добив одговор иако е поставено во ноември односно декември минатата година.

Што презема Министерството за сообраќај и врски за подобрување на сигналот на втората програма за подрачјето на Дебар. По однос на ова прашање постојат некои искажувања од експерти дека ослабениот сигнал е резултат на инсталираната блокажа на репетиторот во село Спас, за спречувањето на патењето на програмата на Албанската телевизија. Ако е тоа причина, мислам дека со таквата практика треба да се прекинува бидејќи програмата на албанската телевизија , нормално се следи, а ние правиме трошоци, со трошење на голема количина на киловати на електрична енергија, ако и пари за спречувањето на следењето на програмата на албанската телевизија. На ова прашање не знам зошто надлежното Министерство не најде заосходно иако јас тогаш поставив 4 прашања, на 3 добив одговор, а на ова не па затоа го повторувам.

Денеска ќе поставам нови три прашања и тоа:

Прво, според одредбите од Законот за изборните единици, утврдениот број на единиците не е секогаш сразмерен на бројот на избирачите. Така Тетово по број на избирачи е поголемо од Битола, а има слично пратеници како Битола и т.н. Не би сакал со тоа да Ве замарам и барам да се изготви ранг листа на сегашните општини според најновите состојби на избирачките списоци.

Второ прашање статистичките податоци за 1994 година покажуваат дека процентот на смртноста кај доенчињата во општина Дебар е 13,9 промили. Од 150 умрени 21 се доенчиња. Барам да се изготви преглед на смртноста на доенчињата и за другите 34 општини во Републиката, заради споредба и согледување на резултатите од вложените финансиски средства години порано, според годишните програми за намалувањето на високата смртност кај доенчињата и кај малите деца.

И кога сум кај ова прашање, да поставам уште едно прашање - кога ќе има редовна гинеколошка - акушерска служба во Дебар. велам редовна заради тоа што таа служба во општината, во Медицинскиот центар ја извршуваат гинеколози - акушери од Скопје, а во деновите на празници таква служба во Дебар нема, на жалост. Не знам како ќе има во некоја општина што допрва ќе ја формираме.

Четврто прашање, странките кои барале измени,исправки или промени на личното име, скоро секогаш од страна на првостепениот орган, некогаш дури и од второстепениот орган добивале негативен одговор, со образложение , промената не се дозволува зашто ќе настане збрка во правниот сообраќај. Иако Врховниот суд на РМ со години назад се произнел против вакво образложение и ја отфрлил како незаконита причината за збрка во правниот сообраќај. Сепак органот на МВР продолжува да ги одбива барањата со истото образложение.

Прашувам, до кога на ваков начин МВР ќе продолжи да дава такви одговори на странките односно барателите.

Барам одговорот да биде во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Гоцевски.

IV/9.-

**ИЛИЈА ГОЦЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, почитувани министри.

Моето прашање до Владата, поточно до Министерството за здравство и социјална политика ќе гласи - што планира Владата односно ресорното Министерство да преземе за регулирање на инвалидско - пензискиот стаж на граѓаните на Македонија кои во изминатиот период работеле во претставнички фирми на ЈУ републиките во Македонија.

Имено , има поголем број на граѓани кои својот стаж го оствариле со работа во претставнички фирми или погони лоцирани во Македонија, а со распаѓањето на Југославија овие односи не се до крај изрегулирани. Така добар дел од овие граѓани не се во состојба да си го остварат правото на пензија.

Мислам дека Владата односно Министерството со меѓудржавни спогодби може тој проблем да го изрегулира, како би можеле да го остварат своето право на пензија.

Барам одговор во писмена форма ако не може усмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал да поставам неколку прашања.

Првото прашање се однесува за Министерството за сообраќај и врски и гласи: Кога и дали воопшто се планира изградба на спореден пат покрај магистралниот пат Скопје - Тетово во делот од Сарај до Бојане, кој ќе го користат селаните за обавување на земјоделските работи, бидејќи во недостиг на таков пат тие се приморани да го пресечат магистралниот пат, така што доведувајќи се себеси во опасност, а и другите во сообраќајот. Згора на тоа се казнуваат од органите за безбедност.

Второто прашање до министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, дали е измерено радиоактивност повисока од дозволената во Македонија и како се случува веќе неколку години ваква појава, или вакви шпекулации да се јавуваат токму во април или во мај месец кога е во ек најголемата берба на раноградинарските производи, што битно се нарушуваат односите на пазарот, а се знае се тоа на штета на земјоделците.

Трето прашање е исто за министерот за сообраќај и врски, дали и кога се планира изградба на нов репетитор за подобрување на сигналот на делот од Сарај до Матка, бидејќи граѓаните од овие подрачја веќе подолго време се жалат на лош прием. За првото и второто прашање барам писмен одговор, додека за второто прашање по можност усмено да се одговори.

Молам дали претставник на Владата ќе даде одговор.

(претставникот на Владата ќе даде одговор во писмена форма)

Господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Во последно време на источните пазари во нашава држава се нудат живи прасиња увозени од соседна Југославија. Јас знам дека свинското месо може да се увезува слободно и без некои големи процедури. Меѓутоа, не знам дали е дозволен увоз на живи свињи. Мислам дека со увозот на живи свињи му се нанесува голема штета на македонското свињарство кое во последно време оди малку нагоре со својот развој. Прашањето се однесува за министерот за земјоделство и гласи:

"Кој и под какви услови може да увезува живо прасиња од соседна Југославија или пак овој увоз сега за сега се врши на диво".

Второ, во соседна Албанија владее опасната болест на добитокот позната под името лигавка и шап. Со оглед на тоа што подолго време од Албанија во нашава држава, не е тајна дека се внесува поголеми количини на добиток, прашувам што досега презема Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за спречување на појавата на оваа болест во нашава држава, а последиците од таа болест се познати Пролетва донесовме закон за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на борците што се учесници во последната војна за ослободување на Македонија. Со кои борците земјоделци што примаат месечна старосна пензија во износ од 2100 денари се стекнаа со право на бесплатно здравствено осигурување. Меѓутоа, овој закон и по три месеци од неговото донесување не се применува во практиката. Борците земјоделци и натаму плаќаат придонеси за здравствено осигурување.

Прашувам кој и зошто ја стопира примената на овој закон?

Ова прашање го поставувам денес по втор пат пред нашиот Парламент.

Едно мое прашање од областа, исто така, на пензиското осигурување на земјоделците го поставувам скоро цела година, меѓутоа никако да добијам одговор. Станува збор за доброволното пензиско осигурување. Имено повеќе граѓани врз основа на Законот за пензиско осигурување го прифатија доброволното осигурување и навреме ги плаќаа сите придонеси на овој план. Меѓутоа, од пред две години престана да функционира ова пензиско осигурување. Оние што плаќаат придонеси за доброволно пензиско осигурување од 10, 15 па и повеќе години редовно и навреме на прагот на остварувањето на своето право за пензија, сега се изиграни. Останаа без своите средства што ги плаќаа досега за ова осигурување и останаа без пензии.

Прашувам кога Министерството за труд и социјална политика ќе одговори исто така на ова прашање?

На крајот едно прашање до министерот за здравство. Министерот за здравство најави дека пролетва дека на Медицинскиот центар во Битола ќе има компјутер. Досега нема ништо од оваа најава, па прашувам уште колку време ќе се чека овој компјутер и дали може да се добие од државата или пак Битола ќе мора да бара друг излез на своите граѓани, кои и ден денеска патуваат од Битола до Скопје да добијат право на оваа помош да остваруваат во својата средина.

На крајот само едно прашање за министерот на нашава полиција, господинот Чокревски, дали нашето Министерство за внатрешни работи е запознато со состојбите што ги наметнаа двете ловечки друштва во Битола.

Господин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, листајќи ги одговорите на прашањава го најдов и одговорот, писмен одговор од Министерството за сообраќај и врски во врска со прашањето на господинот Газменд Ајдарага, и тоа прашање е одговорено писмено на 6.02.1996 година. Значи, треба да го прочита.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, ние овде завршивме со тој дел.

Господин Филипче, министер за здравство.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Јас, се сеќавате мислам дека во една сесија есента кажав дека ние со една акција со намалување на цените на лековите, ќе успееме да добиеме повеќе средства за набавка на опрема, а сега можам да кажам дека практично првото полувреме во битката со веледрогерите и со фармацевтските куќи, добивме. Успеавме да ја намалиме цената на лековите за околу 20 до 25%. Во аптеките има повеќе лекови за скоро 30 до 40%.

Би сакал да го известам почитуваниот пратеник дека пред две недели во средствата за јавни гласила беше распишана јавна лицитација за набавка на еден компјутер за Битола, на 30 возила за помош, на 15 рендген апарати, на 40 за апарати на дијализа, а тоа е се од средствата што ние успеавме со едно домаќинско работење да го реализираме. Меѓутоа, јас овде би сакал, сепак да истакнам дека некако имаме многу големи желби за софистицирана техника,а многу малку гледаме дека

основните инструменти, апарати, кревети, чаршави ни недостасуваат. На пример во Битола имате гинеколошки столови кои се пред 30-40 години, имаме многу заостаната апаратура, наместо да се трудиме тие работи да ги репарираме, да ги обновиме, ние одиме на висока технологија. Меѓутоа, јас им ветив дека го сметам Битола- како втор центар во Републиката да му се овозможи да купи таму еден апарат кој што ќе кошта сигурно еден ипол милион германски марки. За Битола шемата е направена со банката на Битола и со Фондот за здравствено осигурување. Сметам дека најдоцна за два месеци сето тоа ќе го имаме во нашите медицински центри.

Ако ми дозволите јас да одговорам на едно прашање што било поставено пред јас да дојдам во врска со немилиот настан во децата во Тетово, можам да кажам дека задоцнив, затоа што јас имав состанок со експертскиот тим, кој што веднаш уште во понеделникот го назначи. Во тој тим влегуваат експерти од Клиниката за токсикологија за инфективни заболувања, од Институтот за судска медицина, од Републичкиот завод за здравствена заштита. Бидејќи медицината е егзактна наука и не бара никакви политиканства, ниту нешто што би значело несигурност, ние презедовме одредени мерки. Прво, што можам да кажам дека не се работи за обично инфективно труење. Она што е карактеристично во овој период труење со сладолед во летните месеци предизвикани од салмонелоза остафилоког или стрептокок. Спрема клиничката слика која ние ја видовме постојат одредени сомневања. Меѓутоа, за тие сомневања ние презедовме одредени, клинички, лабораториски и биолошки тестови, кои што бараат период од 4-5 дена за да го потврдат тоа наше сомневање или не. Меѓутоа, јас сега не би сакал да кажам за што точно се работи. Ние се обративме за помош и со познатата француска дијагностичка куќа "Биомериенд" да ни испрати одредени тестови. Јас морам да кажам дека одредени авио - компанииии не ни излегоа во пресрет тие тестови да ги добиеме,од Белгија уште вчера,

така што ги чекаме вечерва или утре сабајле и првите резултати ги: очекуваме да бидат во петок. Јас овде апелирам до сите тоа прашање да не се политизира, бидејќи сепак се работи за една млада популација, за едни ситуации кои што можат да имаат реперкусија врз нивниот идни живот, психички, економски, социјален. Би ги замолил сите политички партии да ги остават деталите, да си ја вршат својата задача професионално, етнички и научно. Кога ќе ги добиеме првичните сознанија јас веднаш ќе ве известам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова прашање беше најавено од господинот Хисен Рамадани, но не беше поставено и еве сега можност да ве прашаме дали сте задоволни од одговорот.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Прво, сакам да му се заблагодарам на господинот министер за здравство што ажурно дојде и јас бев информиран дека заседавате стручно во врска со оваа проблематика. Добро е што непосредно разговараме и сакав да го предложам следното. Јас го примам ова образложение што го дадовме во интерес на јавноста, а и за она што зборевте во вториот дел дека треба сите да се ангажираме за тоа состојбата да се смири, односно да дадеме објективни објаснувања за да не се користат разни кажувања односно зголемување и други импликации.

Предлагам и би било добро Министерството за здравство, пред се да даде званично соопштение макар и во ваква форма недовршена и тоа вечер денес. А исто така јавноста редовно да се информира. Притоа, сакам само вас да ве информирам дека граѓаните од Тетово се информирани дека здравствените служи во Струга на децата не сакале да им дадат помош. и на тоа би ве молел да ми одговорите, затоа што е битно за јавното мнение во Тетово и пошироко. Се залагам за една

отвореност пред јавноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Илија Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Со една реченица би сакал да дополнам дека се ангажирани исто така Министерството за образование, Министерството за внатрешни работи околу расветлување на овој случај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Параќеов.

Уште сме на одговорот на господинот Тантаров, на неговото прашање.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

На првото прашање на господинот Тантаров, ќе одговориме писмено, а во врска; со второто прашање, за појавата на лигавка и шап, во Албанија точно е и ние имаме потврда и од Меѓународната канцеларија во Париз дека во Албанија има појава на таква болест заради што веднаш прво, ја затворивме границата за промет со стока, со жива стока и сточни производи со Албанија. Воведена е дезинфекција на патниците и возилата со Албанија. Понатаму ангажирани се заедно а и на Влада расправавме Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, затоа што оваа трговија како да ја наречеме условно најмалку се одвива на граничните премини, туку повеќе на слободните делови, така што потребата од вклучување на органите од внатрешни работи и од одбраната исто така беа доста значајни со уште еден апел да кажеме дека и населението од тие места, од пограничните места, исто така, имаат голема задача и улога во спречување на однесување на оваа многу опасна болест и тие во овој момент да се

откажат од било какви контакти и препродажба на жива стока и сточни производи на нелегални места.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Тантаров, дали сте задоволни од одговорите? (Задоволен сум).

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани присутни, јас морам во оваа прилика, пред да ги поставам пратеничките прашања да констатирам дека од ажурноста при одговарање на поставените пратенички прашања, особено оние што јас ги имам поставено, а јас сум длабоко убеден дека имам поставено најмногу прашања поединечно од секој пратеник во овој Парламент, немаме ништо. Па, би ги потсетил господата министри, сега новите, т.е. да се потсетат и на стари пратенички прашања во нивните архиви да се уверат дека тоа навистина е така. Јас можам да кажам можеби 10% на моите пратенички прашања е одговорено, а сум сигурен некаде 90% не е одговорено по разни министерства. Не би било лошо да се прелиста архивата или на министерствата или пак архивата на Собранието и да одиме со ред. Овој пат ќе поставам многу пратенички прашања и ќе барам писмено да ми се одговори, независно дали ќе ми се одговори или нема да се одговори.

Прво, до Министерството за здравство, со кој приватни правни лица и на база кои критериуми Фондот за здравствено осигурување има склучено договори во 1994, 1995 и 1996 година поодделно по општини во Република Македонија. Писмено да ми се одговори.

Второ, до Министерството за труд и социјална политика и до Министерството за правда. Ова прашање сум замолен да го поставам од осум граѓани од македонска националност од Гостивар кои се соочу-ваат скоро пет години со еден голем проблем што им го наметнува НИП

"Нова Македонија". Прашувам, дали договорите за продажба на печат и други стоки од регистрираната дејност на НИП "Нова Македонија" 003Т "Маркетинг" - Скопје склучени помеѓу оваа установа и извршителите се правно засновани во Законот за работни односи и кои се правата кои им следуваат на извршителите врз база на тие договори. Кои правни мерки предвидуваат Министерството за труд, социјална политика и Министерството за правда заедно со другите министерства да ги преземат со цел да се заштитат интересите на овие граѓани на Република Македонија, односно од Гостивар. Прашањето го поставувам од следните причини: Во Гостивар, но не само тука на база исти договори се врши работна дискриминација на извршителите во две категории. На база исти договори спомнатата НИП дел од извршителите ги третира како вработени лица со сите права кои произлегуваат од засновање на работен однос,додека пак на други извршители тоа право им го признава односно им го има признаено од денот на склучуваше на такви договори, како што е случајот со договор 08-3222/1 од 1.07. 1985 година склучен со Кипровска Павлина, до 30.09.1991 година, додека од тој датум, па до ден денеска тие граѓани останале без никаков правен статус. Значи, продолжуваат да ја обавуваат таа дејност на база истите договори. Писмено немаат добиено информација дека им се прекинува работниот стаж.

Понатаму истата НИП не им ги плаќа обврските по основ на пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување и пред некој ден со асистенција на Министерството за внатрешни работи кај дотичната госпоѓа е направен попис и примопредавање на вредностите кои се наоѓале во тој киоск и истата е отстранета од работа.

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Напоменувам дека откако оваа состојба е констатирана од Трудовата инспекција со записник број 31/339 од 6.06.1994 година била покрената прекршочна постапка против дотичната НИП "Нова Македонија" и откако Врховниот суд на РМ ја потврдува вината на НИП "Нова Македонија" предметот одеднаш исчезнува и не му не наоѓа никаков траг.

Само ќе спомнам дека со вакви проблеми се судруваат следните граѓани од Гостивар: Ефтовски Станимир, Милошевска Мира, Трајаноски Благоја, Бошковски Лазар, Грујовска Будимка, Силјаноски Митко, Николовски Миле, и тн. Сходно на ова верувам дека овие две министерства ќе се ангажираат за да ни одговорат на прашањето и да покренат механизми за да излезат во пресрет на овие граѓани на кои им се нанесува оваа неправда мимо законите кои владеат во РМ.

Трето, до Министерството за правда и Министерството за финансии. Пред да го поставам ова прашање јас сум должен јас да искажам дека на претходната седница разговарајќи по основ на предложениот закон за измена и дополнување на Законот за затезна камата скоро едногласни сите бевме за таа варијанта да стапката на затезна камата се намали и лично јас се залагав да таа биде на реално наплатливо ниво, значи помеѓу инфлацијата и стапките кои ги одредуваат банките за банкарските пласмани.

Но, пред некој ден ми падна в раце толкувањето на, токму тоа го имам, правното мислење за примена на конформата метода при пресметка на затезната камата на Врховниот суд на РМ.

Прашувам, дали правното мислење на Врховниот суд на РМ за примена на конформата метода при пресметка на затезната камата од

датум 26.02.1996 година, како и инструкцијата на Заводот за платен промет под број 247/1 од 1.03.1996 година која се применува од 4.03. 1996 година е правно засновано а особено ретроактивното дејствие на истата и на судските предмети и постапки кои се во тек.

Во рамките на истата проблематика, дали Министерството за правда односно Владата на РМ ќе им ја надомести огромната штета на доверителите која им се причинува со ваквото ретроактивно дејство на ваквото првно мислење имајќи предвид дека токму судовите и судската власт се криви што судските постапки траат со години и не окончуваат на време. Ова прашање го поставувам од следните причини:

Со ваквото правно мислење или со инструкцијата на Заводот за платен промет е одлучено начинот на пресметуваше на затезната камата по пат на конфорне метод квалитативно поинаку се пресметува од тој дотичен датум и на база на тоа правно толкување е заземен став да за сите судски предмети кои се во тек важи истата пресметка. Што тоа де факто значи јас се потрудив со некои мои соработници да направам една споредлива пресметка и истата пресметка ја споредив со пресметката што ја има направено Заводот за платен промет и дојдов до следните констатации:

На побарување во вкупен износ од 100 илјади ДЕМ кое потекнува од 11.09.1991 година со новиот начин на пресметка установен на база овој суд се добива вкупен износ на главница и камата само 8.8891 ДЕМ заклучно со 1.03.1996 година. Значи, не само дека немаме никаков принос по основ на камата туку се губи и основата т.е. се губи и главницата.

Со примената која беше досега на тоа побарување од 100 илјади ДЕМ од тој датум до овој критичен датум се добива вкупна вредност од

102 иљјади 244 ДЕМ. Во оваа прилика бидејќи со ваквото правно мислење, што јас лично мислам дека не може во никој случај да биде правно мислење туку пред се тоа е економска категорија, работата на пресметување на камата пред се и над се е економска категорија дојденр е до ваквите математики од едноставна причина што со ова правно мислење пресметаната камата за дотичниот период, да кажеме за една календарска година не навлегува во главницата за пресметување во наредната година туку се издвојува настрана и така се гледа заради убавина. И заради оваа работа доаѓаме до оваа нелогична математика и сега замислете....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прашањето ве молам господине.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас го поставив прашањето а сега елаборирам. Сигурно имам право да елаборирам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Можете само да го образложите сосема накусо.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само да ми се каже колку е тоа, една секунда, една минута, само кажете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Треба кратко образложение на прашањето.

VI/4

**РУФИ ОСМАНИ:**

Еве јас ќе завршам за ова прашање, а ќе продолжам аз другите, но мислам дека навистина оваа проблематика е многу крупна проблематика, мора целата Влада, кој пред се мислам дека е политички став да му се посвети навистина стручни и да ги уочи овие работи кои дефатктo сега ќе ја потврдат другата теза што ние ја потврдивме на претходната седница. Сега, ќе имаме банкрот на доверителите во полза надолниците.

Следното прашање е до Министерството за внатрешни работи.

Зошто Министерството за внатрешни работи - Одделение Гостивар веќе 2 години со ред не го одобрува барањето на КУД "Беса" - Гостивар за одржување на празничен хепининг на градскиот плоштад во Гостивар по повод Бајрамските празници.

Образложение.

Прашањето го поставувам бидејќи ваквата постапка ги иритира до крај граѓаните од муслиманска верисповест наспроти фактот што при прослава православните празници ваквите музички прослави се одржуваат редовно на Градскиот плоштад со голем надзор на полициските органи.

Барам писмен одговор.

Понатаму прашувам до Министерството за финансии. Зошто досега Министерството за финансии нема предложени закони или измени и дополненија на постојните закони со кои ќе се реализираат обврските од член 62 точка а, ѓ и ж, од Законот за локална самоуправа во однос на финансирањето на локалната самоуправа и кога планира оваа законска обврска да ја исполни дотичното министерство.

Прашањето го поставувам од причини мимо фактот што со законот за локална самоуправа комуните имаат право на овие извори на финансирање поради законско нерегулирање овие средства наместо во општинските буџети се преливаат во Републичкиот буџет. Во каква финансиска состојба се воопшто комунтие во Македонија треба да образложуваат многу пратеници од вооі состав, а особено голем број на претседатели на општини кои седат во овој дом.

Следното прашање е до Министерството за надворешни работи.

Зошто визниот режим на РМ кон соседните држави не е ист од аспект на визната такса и дали Министерството за надворешни работи планира да го укине визниот режим со соседните земји сигурно реципрочно сигурно со заедничка волја.

Барам усмен или писмен одговор, бидејќи дотичниот министер не е тука, одам понатаму.

Следното прашање е до Министерството за образование.

Зошто топонимите, односно географските имиња на градовите и населените места во Македонија во учебниците на албански јазик не се пишуваат во согласност во согласност со албанскиот јазик.

Образложение.

Навистина без зачуден пред некој ден кога видов на една книга од мојот син дека називите на градовите во Македонија на албански јазик биле напишани со топоними од македонскиот јазик. Односно наместо да биде напишано Шкупи на албански е напишано Скопје, наместо да биде напишано Крчова, Кичево, Дибр, Дебар, Охри, Охрид, Манастир, Битола и тн. Сега една мала споредба.

Кога ќе се анализира како се изговараат имињата на Белград, се изговараат како Белград. На Дурс како Драч, на Вљора како Валона, и тн. Баш ме интересира во оваа смисла бидејќи имаме овде голем број доктори на науки сето ова да го елаборираат стручно пред се, а не политикантски и да добијам адекватен одговор написмено.

На крај, еден усмен одговор барам од министерката за образование, бидејќи претходната министерка баратање со поимот "диви институции" од образовен карактер, сега имаме еден нов поим нелегални институции. Ме интересира кои се тие нелегални образовни установи г-ѓа министерке и на база кои критериуми ги определувате дека се тие во таа група и на база тие исти критериуми вие кажувате во еден одговор што го дадовте на г-дин Шакири дека таквите лица кои ги поседуваат таквите наводни нелегални дипломи не ќе имаат право да бидат вработени во образовните институции во Македонија.

Значи, на ова прашање можете да ми одговорите усмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓата Тодорва, министер за образование.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Се разбира, кога станува збор за третманот на институцитие многу јасно може да се разграничи за тоа која институција е легална вкулена во системот на една земја, во системот на образование, а која е надвор од тој систем. Може да стане збор за институции во земјата, но за институции и надвор од нашата земја во случај кога лица завршуваат факултет или друг степен на образование надвор од РМ и понатаму со

тие дипломи бараат да ги остварат прават од работниот однос. Имаме случаи да доаѓаат лица со дипломи од Српска краина, имаме случаи да доаѓаат лица со дипломи од Република Косово и сите тие дипломи ние ги третираме како дипломи кои се стекнати на нелегални институции.

Инаку, мора ли да се почитува барањето на пратеникот во поглед на усмено или писмено одговарање, г-дине претседателе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, повелете.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Инаку, по однос на претходното прашање околу топонимите што се употребуваат во учебниците и во учебниците на националностите ние нема да ги консултираме само овие научници што овде седат, туку по заклучок на Влада треба да се организира расправа а тоа по заклучок како задача го доби Министерството за образование и Министерството за наука околу користењето на топонимите. Мене ми е жал што г-динот Фрчковски излезе поради некоја обврска но информирана сум дека РМ е потписник на конвенција на 00Н според која се обврзуваме топонимите да ги означуваме на јазикот на домицилната земја. Но, за ова и мене ми треба дополнително проверување.

Кога сум веќе овде јас би сакала да дополнам на она што г-динот Филипче го кажа, јас во текот на вчерашниот ден го посетив Средното медицинско училиште во Тетово и Медицинскиот центар интересирајќи се за здравјето на учениците, но да проверам една, би рекла

дезинформација која бргу се ширеше дека се случува протест во училиштето. Тоа е во мојот ресор, или во мојот домен на надлежноста и јас можев да видам дека таму се одвива наставата, дека се следи се она што се случува со учениците во ова училиште, одржан е наставнички совет на кои присуствуваше и заменикот министер за образование и мислам дека во тој дел од работите се тече во нормален тек.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, останува да се почитува желбата на пратеникот да добие одговор и во писмена форма.

Има збор г-динот Руфи Османи. Дали е задоволен од одговорот во усмена форма што го бараше.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Бидејќи со одговорот во никој случај не сум задоволен барам да ми се одговори написмено и плус би ја замолил г-ѓата министерка во својата архива да одговори на некои други прашања што ги имаме поставено во текот на овој мандат.

(Софија Тодорова на сите прашања е одговорено. Според евиденцијата на сите прашања е одговорено)

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Иако не сум именуван по прашањето, но тангираат правен аспект во врска со тоа што е легално и нелегално училиште или установа и употребата на топонимите.

Легално е она што е во склад со законот, тоа значи она училиште што е формирано со Закон во постапка како што се  донесува закон и од

институција која што е законодавно тело. Самиот поим лекс легис ако постои и е формирана установа која што не е со закон и законска постапка и од законодавно тело е нелегално. Напросто, тука и завршува дискусијата околу дистинкцијата околу легално и нелегално".

Кога станува збор за топонимите, топонимите исто така ги одредува државата со закон. Во таа смисла примерите што ги спомна г-динот Руфи Османи се топоними од врмето на Турција како држава на овие простори. Со законот за територијална поделба ќе видите дека со закон се определуваат имињата на населените места и со закон во законска постапка тие се менуваат. Тоа значи на пример дека не е на албански името Монастир, туку е топонимот на Битола во рамките на турската држава на Балканот до 1912 година. Исто така, Калкандре или Турскиот топоним за Велес е топоним за државата Турција на овие терени. Според тоа топонимот се определува со закон, а неговата транскрипција во духот на јазикот на националностите е во духот на писмото, или онака по нормите на писмото на националноста тој топоним така се транскрибира. На пример правописно доколку тој јазик има други ортографски симболи.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Но, примерот во таа смисла со делот на Македонија географска која беше исто така дел на пример во Турција сега е во Република Грција. На пример Воден во учебниците во Грција не можете да го сретнете како Воден, бидејќи 1925 година или 1926 се променети топомините, туку ќе го сретнете како Едеса. И Лерин не можете да го сретнете како Лерин, туку ќе го сретнете како Флорина, ниту Белград нема да го сретнете како Белград во Албанија, туку ќе го сретнете како Берат.

Мислам дека создавање на конфузии околу топомините не е потребна и таа се расчистува доколку се доведе проблематиката со топомините на ниво на законска одредба како надлежност на државата да ги уреди топомините. Токму законот што следи за територијалната поделба ќе биде тој закон со кој се определуваат имињата на населените места и постапката за мирна измена

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г.динот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници јас накратко ќе инсистирам само на две прашања. Имав повеќе прашања, но во меѓувреме некои пратеници ги поставија и пред да се поврзам со моите пратенички прашања ако смеам да кажам нешто во врска со образложението на министерот за правда кој се поврзуваше со одговорот на г-динот Руфи Османи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, ве молам нема дискусија, за тоа, а ко отвориме дискусија. Повлете поставете ги поставете ги саом прашањата.

Бидејќи се работи за историски факти ние знаеме дека за Кал Канделе не се кажува за Титов Велес, туку за Тетово. И Манастир има друго значење , јас мислам дека г-динот министер треба некои работи , бидејќи се професионални работи и треба да се кажуваат како ви кажува науката, а не како ги замислуваме да ги кажеме. Но, тоа ќе го оставиме и мислам дека за тој аспект друг пат ќе разговараме.

Првото прашање го поставувам до Министерството за образование и физичка култура. Дали министерството е запознаено со ставот на инспекторите на подрачното министерство во Тетово за запирање на работата на четири училници во Основното училиште "Реџеп Бока" село Шипковица- Тетовско. Ако е запознаено, тогаш дали надлежното министерство ја внел во програма изградбата на ова училиште во планот на 1996 година.

Второто прашање пак се поврзува со Министерството за образование и физичка култура. Имам сознание дека еден број на директори на основни училишта во Тетовско, тоа се осум директори на осум училишта пред да стапи на сила законот за образованието и физичката култура т.е. пред неколку месеци односно есента во септември се донесе законот од страна на советите на училиштата добиле право да го стекнат мандатот за обавување на должноста директор на училиштето. Од нив имаме сознанија дека дел од нив и ден денеска не ја добиле таа согласност од страна на Министерството и дали може еден директор шест години да работи, да обавува должност како директор на училиште, а ден денеска да го нема добиено официјалниот документ од страна на надлежното министерство.

Бидејќи се работи за давање на согласност мислам дека дел од нив што не ги фаќа законот пред да биде донесен, ги знаеме тие решенија што ги донесе надлежност министерство, тука се работи за број на директори кои тоа право го стекнале пред да дојде на сила тој закон.

Надлежниот министер за здравство даде образложение во врска со настанот на учениците од трето одделение што беа на екскурзија во Струга и во врска со тоа дека треба да се даде едно поопширно објаснување во текот на експертизите што треба да се прават овие денови, јас мислам дека ситуацијата е алармантна во Тетово, јас имам своe дете таму и жал ми беше што истиот без разлика што не сакав да се наметнам не ми беше дозволено да го видам детето кое лежеше во болница.

Ги почитувам сите министри, но мислам дека треба да се почитува и пратеникот без разлика дали некој на некој начин инсистира тоа да го наметне и да каже ете за некоја политичка цел се влегува таму, не се работи за таа цел, туку за една хумана работа и без разлика дека еден дел на лекари и во Струга и во Тетово ги иритираа уште повеќе родителите кажувајќи дека на некој начин децата што се болни дека глумат. Јас мислам дека од тој аспект треба да се внимава и мислам дека хуманоста треба да биде на ниво како што треба.

Сакам писмен одговор, но ако министерката може и усно и јас би дозволил и на првото и на второт прашање да ми одговори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Г-динот пратеник праша дали сум информирана со состојбата во училиштето во село Шипковица со фактот дека неколку училници се ставени надвор од употреба да го известам дека сум информирана и ние

правиме обид во програмата за оваа година за која располагаме навистина со мал обем на средства во однос на потребите би рекла и приоритетните потреби што треба да ги задоволиме но да се интервенира во тоа училиште. Значи правиме обид.

За другото прашање вие рековте дека ги знаете решенијата од законите и за основно и за средно образование дека оние директори што се уште имаат време до поминувањето на четири годишниот мандат продолжуваат да ја обавуваат својата функција, а три месеци пред истекот на мандатот се распишува оглас за избор на директор. Директорот нем оже да добие мандат, како што рековте, од Советот на училиштето, туку со мислење на училишниот одбор, со мислење на Педагошкиот завод министерот го назначува директорот. Таа постапка, за жал, некогаш доста се провлекува во добивањето на овие мислења, јас конкретно ќе проверам што станува со овие спомнати шест или осум директори од Тетово да може да се ажурира постапката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Да нема недоразбирање би сакал да одговорам на г-динот пратеник дека ако ние го пуштиме него да влезе во болница, тогаш другите родител9 ќе кажат зошто пратеникот го пуштате да влезе а нас не не пуштате .

Имаме некои сознанија дека нешто се дотура на децата за да го спречиме, за да поставиме рампа на дотур ние не дозволуваме било каков контакт меѓу родители, наставници, воспитувачи и децата кои се болни.

Второ, дека сакам со елиминација да го отфрлам мислењето дека во Здравствениот дом во Струга и Охрид не им е укажана никаква помош на дечињата, во Струга веднаш се формирани две екипи ослободени се 70 кревети, во Охрид се лекувани околу 15 деца на кои им е дадена инфузија меѓутоа, на барање на децата и наставниците тие на свој ризик рекле дека лекувањето ќе си го продолжиме ние во Тетово.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Јас мислам дека министерот добро кажа ако еден пратеник се споредува со еден обичен граѓанин, тогаш нешто не е во ред. Јас мислам дека имам право и како пратеник дека од мојот лекторат има одреден број ученици да ги посетам, а повеќе мислам дека имам право да го посетам своето дете, па во врска со ова би сакал да бидеме малку поконкретни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван рпетседателе, почитувани колеги, јас имам три прашања. Првото прашање се однесува на еден постар проблем односно пред седум месеци со решение број 11-2803/2 од 24 јули 1995 година, тогашната министерка за образование и физичка култура формира комисија за разгледување на елаборатот за општествена и економска оправданост за организирање на образовна и воспитна дејност за средно гимназиско образование во општина Струга, под-несено од работна група составена од Неџат Имери, Фатмире Лимани Рами Туда, Сулејман Хани и Севди Каба. Комисијата имаше за задача да го разгледа елаборатот и да му достави мислење и предлог на министерот за образование и физичка култура за натамошна постапка.

VII/6

Барам одговор од Министерството за образование и физичка култура односно од соодветната комисија, мислење за елаборатот за основање на средно училиште "Хајдар Души" во село Радолишта Струшко. Барам во писмена форма.

Второ прашање до Министерството за финансии, барам во писмена форма дали е дозволено на царинските премини од Република Албанија во Република Македонија внесување на стручна научна литература, книжевни дела, периодични научни списанија, дневен печат, ракописи, белешки, фотокопирани материјали за научни цели сега кога стално нагласуваме и изјавуваме дека сме отворена држава и дека е дозволено слободно движење на луѓе, размена на идеи, на стоки и тн.

Прашањето се поставува до Министерството за внатрешни работи, Служба за јавна безбедност и тоа сакам да го илустрирам со следното.

На царинскиот премин Ќафасан и на други премини често пати се провоцираат и малтретираат студентите,професорите, научните работници интелектуалци албанци од страна на службените лица на МВР. Така што им се одземаат научните книги, литературата и други издадени книги од Албанија, а сето тоа го оправдуваат со одредбите на законите кои се на сила.

На пример на 13.11.1996 година на научниот работник Меби Дервиши од село Ливада- Струшко при неговото одење за Тирана му е одземена голема количина материјали собрани во библиотеки и архиви за подготовка на тема за дисертација на Тиранскиот универзитет. За одземениот материјал му е издадена потврда каде се повикуваат на Законот за кривична процедура и Законот за прекршоци според "Службен весник на СРМ" број 29/83 година. Исто така на научниот

работник кандидатот за дисертација Меби Дервиши му е дадено решение со образложение дека се заложил во РМ да внесе печатени материјали. Сакам да нагласам дека на г-дин Меби Дервиши му се одземени 31 страница од ракописот на докторската дисертација.

Има и други случаеви кога нашите службеници на границите на граѓаните од Албанија за да преминат граница им бараат да поседуваат по 1.500 ДМ, а некои интелектуалци ги враќаат назад како персона нонграта, а за тоа не им даваат никакво објаснување.

Третото прашање се однесува на еден проблем во текот на 1995 година, во некои струшки села кога за телефонски врски плаќаа по 1.200 ДМ како што се селата Делогожда и др. а се знае дека во цела Македонија и на други места за телефонски приклучок се плаќа по 1.000 ДМ. Граѓаните од струшка општина прашуваат каде одат тие 200 ДМ и дали тоа се базира на закон .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

До денеска не сум добил одговор уште на неколку прашања поставени на претходните седници, меѓутоа, за денеска се одлучив само за едно и тоа многу актуелно и деликатно прашање.

На 19-та седница на Собранието на општина Кичево одржана пред две недели на одборниците албанци не им беа доставени потребните материјали, па ни предлогот на Статутот ни на македонски иако на претходната седница одржана на крајот на декември минатата година беше ветено дека на наредната седница ќе се започне со примената на одредбите од Законот за локалната самоуправа што се однесува до службената употреба на албанскиот јазик, член 88 од Законот за локалната самоуправа.

VII/8

Заради јазичната бариера седницата беше прекината и одложена за неопределено време. Меѓутоа, на илегален начин во доцните попладневни часови или во ноќво време седницата се одржала без поканување и без присуство на одборниците албанци т.е. и без потпретседателот на Собранието на општина Кичево и без нив е донесен Статутот на општината Кичево.

Прашувам, дали е валидно по Уставот , Законот и Деловникот донесувањето на статутот на општината Кичево без присуство на одборниците албанци и дали може да влезе во сила таков акт и да се спроведува од страна на сите граѓани од оваа општина.

**САЛИ РАМАДАНИ(** продолжение)

Писмено ги барам одговорите. Прашањето до Министерството за правда го барам усмено;

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Секој акти и Статутот на една општина може да се донесе доколку е донесен со пропишан кворум. А што се однесува до оние елементи со прашањата околу потребата на јазикот на седници или во акти, Законот за локална самоуправа е донесен ланската година тој важи тој е на сила, што значи дека според тој Закон во сите општини на прво место во институциите на единицата на локалната самоуправа во органите, ако е присутна одредена националност во значителен број над 20%, седницата и актите се одвиваат и се пишуваат покрај на македонски јазик и кирилско писмо и на јазикот и и писмото на односната националност. А инаку што се однесува до правната техника на донесувањето на одреден акт, тој е донесен тогаш кога е донесен до припишаниот кворум.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувани дами и господа пратеници,

Прашањето го упатувам до Министерството за здравство. Медицински центар Кочани, ако уште така може да се нарече има детско одделение, интерно, хирургија, гинекологија и нервно одделение и ги хоспитализираше болните од општините Кочани, Виница, Берово, Пехчево, Делчево и Каменица. Општини со над 100 илјади жители. А во последните две години овој медицински центар го напуштија 11 доктори специјалисти, двајца лекари од општа пракса, еден фармацеут и тројца стоматолози од општа пракса.

Прашувам. Дали Министерството за здравство е запознато со наведената состојба и што планира да превеземе во иднина за решавање на овој проблем.

VIII/2.-

Би сакал да укажам и на фактот што во овој момент детско одделение остана само со еден специјалист педијатар кој ги покрива одделението, амбулантата, дежурствата и повикувачите. Исто така, интерното одделението остана со двајца интернисти кој што го покрива одделението, амбулантата, дежурствата и повикот. И на крај сето ова придонесе да не може да се пружат соодветна секундарна и примарна континуирана здравствена заштита. Во голем број села каде што има изградено здравствени амбуланти, како што се селата: Грдовци, Зрновсци, Горни Подлог, Облешево, Шишиниво, Сокуларци, Кучешиново, Оризари, и други не се обавува континуирана здравствена заштита на луѓето.

Второто прашање го упатувам до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Ова прашање беше поставено на последната седница кога имаше пратенички прашања, понатаму на една од седниците бара да се поднесе информација и расправа за состојбата со обезбедување на семенскиот материјал од ориз во Република Македонија и на оваа говорница почитуваниот министер за земјоделие, шумарство и водостопансто а на моето поставено прашање што може да направи Владата околу обезбедување на семенски ориз, беше одговорено дека под итно Владата ќе ги преземе сите можни мерки, да ја ублажи состојбата, односно на некој начин да се решат овие проблеми. Јас морам да кажам дека сеидбата со ориз е завршена, расрпава по ова прашање немаше, а мерките кој што Владата ги превзема можам да кажам беа никакви, односно на теренот воопшто не можеше да се забележи дека некои мерки се превземени. Јас до овој момент сум информиран дека Министерството за земјоделие во оваа проблематика има обезбедено, односно издадено една дозвола за увоз на семенски ориз во Институтот за ориз Кочани на едно десетина тона семенски ориз, а знаеме дека институтите Во Република Македонија не се комерцијални,

немаат средства, немаат можности да увезвуаат семе, па би сакал почитуваниот министер да даде свое видување за проблемот, зошто Владата не можеше да најде можност и начин донекаде овој проблем да се разреши. Реков сеидбата е завршена, меѓутоа за жал не со семенски материјал од ориз, туку воглавно со меркантилен ориз со рапа која подолго време стои во магацините кај приватните земјоделци, а се разбира, дека сеидба извршена со неквалитетен семенски ориз, односно семенски материјал и не може да се очекува во завидни приноси од ориз.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Последните години состојбата со климатските прилики во нашата држава беа такви што производството на ориз го доведоа на една многу ниска состојба, односно немањето на вода, ова производство беше доста намалено која што состојба се одрази и со семенскиот материјал. Точно е дека овдека беше поставувано тоа прашање и ние најсериозно му пристапивме, со тоа што бараната количина беше дадена. Се работи за со закон овластени организации, кои што можат да се занимаваат со увоз на вакви материјали, а не и сите слободени трговци кои што може да прават и други дејствија со таквиот материјал Затоа дозволата е издадена на Институтот за ориз од Кочани, кој што можел со другите во со дејство кој што биле заинтересирани понатаму тоа да го пласираат да издадат средства. Во прашање беше обезбедувањето на потребни средства за оризот за којшто ние не можевме во рамките на постојните средства на Буџетот да одговориме, но тоа беше препуштено на овие кои што беа овластени тој увоз да го извршат.

VIII/4.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Моите прашања би сакал да бидат усмено одговорени, по можност се разбира.

Првото прашање се однесува на следното: во последните денови евидентни се информациите од Електростопанство каде најавува акција за помирување на обврските што ги имаат правните и физички лица корисници на стручна енергија. Тоа е низ цела Македонија. Со оваа акција во најголема мерка се под удар слабите и најслабите правни субјекти кои имаат сериозни проблеми во своето работеше, а кои според моето видување вработуваат најмалку 1/3 од вкупно вработени лица.

Втора категорија, односно група на физички лица, кој припаѓаат на категорија корисници на еден вид социјални права, стечај, технолошки вишок, СЗП, ПП, итн. се под удар на една ваква сериозна акција која најнормално треба да се примени од оваа организација заради нејзино функционирање. Прашањето ми е следно: заради сериозните последици кој можат да произлезат од една ваква акција која условно би се извела до крај, што Владата ќе превеземе за надминување на еден ваков сериозен проблем, во однос на овозможување овие граѓани и овие правни субјекти многу по безболно го надминат овој многу важен проблем.

Второто прашање до Владата, на кој начин и во која форма се применува од Владата, односно од Ресорното министерство за решавање на станбени потреби на граѓаните кои својата материјална состојба не се во можност да го решат ова витално прашање. Тука би биле две потпрашања, каква е постапката за добивање на државен стан од обичен граѓанин и до кого треба да се обрати обичниот граѓанин, кој има потреба од стан.

Третото прашање, се однесува до Министерството за образование и физичка култура. Во текот на оваа година го донесовме Законот за спорт, во тој закон се" регулира односите во спортот, меѓутоа остана едно недовршено прашање, односно нерегулирано, а тоа е прашањето на спортските објекти. Со Законот за спортот Министерството се обврза во рок од 6 месеци да го донесе Законот кој ќе ги регулира односите околу спортските објекти.

Прашувам: Дали Министерството за образование и физичка култура веќе е на пат овој Закон да го стави во собраниска процедура за да не дојде во ситуација спортските објекти да ни пропаѓаат и така бидејќи се наоѓаат во една независна положба. Мислам дека корисно е овој закон да го побрзаме, односно да му дадеме една итна постапка, со единствена цел да им обезбедиме еден посериозен статус на спортските објекти.

Четвртото прашање, до Министерството за труд и социјална политика се однесува, се сеќавате донесовме еден закон кој ги регулира правата на инвалидите, односно на болните инвалиди и правата на граѓаните кои се прогонувани и затварани за идеите и самобитноста на македонскиот народ и македонската држава.

Уставниот аспект е јасен, дециден и до крај и мислам и двете права на овие две категории рамноправно ги третира. Ако се сеќавате донесовме закон исклучиво за инвалиди. Меѓутоа, го повлековме законот за оваа втора категорија, од причини што јас како претседател на Комисијата за труд и социјална политика деновиве добивам многу писма и барања од оваа група на граѓани со прашање кога ќе се донесе овој закон со единствена цел да ги остварат своите права.

Прашањето дали Министерството за труд и социјална политика е во позиција да го предложи овој многу важен закон кој ќе ги регулира

односите и правата на напред споменатите граѓани. Ако може усмено да ми се одговори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

По однос на последното прашање сме хендикепирани, бидејќи министерот е надвор од земјата, а заменик се уште немаме. Во писмена форма ќе ви се одговори.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Јас се сомневам дека е точна одредбата што се наведе во Законотз а спортот дека со тој Закон сме утврдиле рок за донесување на друг закон, што треба да уредува друга материја, тоа може да се однесува само на подзаконските акти што се во функција на разработка на тој закон. Но да ве информирам дека се уште не е подготвен законот за стопанисување со спортските објекти.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Во врска со прашањето кое беше квалификувано како прашање акција за наплата на побарување од страна на електростопанство сметам да го кажам следното: Електростопанство е јавно претпријатие кое исто така зависно до статусот негов како јавно претпријатие, работи на принцип на доход, како и секое друго претпријатие. Услугите што ги пружат тоа се во вид на тоа што било правните субјекти, биле физичките лица ги снабдува со еден вид на услуга која има своја цел. Поради караклтерот него како јавно претпријатие, разликата во формирањето на цената се состои од тоа Владата на РМ со оглед на монополксата положба да даде согласност за формирање на нивото на цената во Електростопанството. Меѓутоа, во се друго не се разликува од другите претпријатија затоа што за да ја произведуваа таа струја, таа треба да го

организира процесот на производството, односно репродукцијата на целиот простор на производство на електрична енергија во термо и хидроцентрала, за да ги снабдува потрошувачите со електрична енергија.

Барањето дека правните лица и физичките лица треба да ја користат услугата од Електростопанството и затоа не треба да плаќаат надоместок, мислам ќе доведе до крајна точка на Електростопаснтво се парализира како субјект, затоа што во моментот побарувањата нејзини изнесуваат некаде 54 или 55 милиони долари. Ве молам, таа не е више во состојба, инвестиционо техничките програми да ги реализира, а што значи тоа да ги реализира утре ќе се севети и

Второ, поради ненаплатена побарувањата својата негова состојба и ќе биде доведена во ситуација инвестициониот проект Козјак кој досега го финансираше да почне да го редуцира затоа што не е во состојба да продолжи работи.

Мислам и кога го поставуваме прашањето треба да се одмери на еден начин, а тоа значи меѓу некој на електростопанство кој сака некого да го ослободи од обврска за плаќање на струја треба друг извоз да му обезбеди средства да плаќа или не може затоа што и тој ги има трошоците соодветни за да е произведува електричната енергија и да истата им е дистрибуира на сите потрошувачи. Јас да је сериозен проблемот али може да се сведе уште на посериозен да се блокира цел електростопански систем доколку продолжуваме со не плаќање на обврските а тој да е блокира и да не може дури процесот на простата репродукција да го организира, а камоли за проширена репродукција да го има. Јес да има и социјални и секакви проблеми, али има институции за решавање на социјалните проблеми и нема предсистемки начин за разрешување на тој проблем и не може да се измислува проблемот на

тој начин.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Во однос на Законот за спорт сакам да укажам дека ние внесовме одредба од Законот со кој се обврзавме дека ќе донесеме закон. Така да тоа не е со тоа подзаконски акт, него со закон. Заради тоа што ради актуелноста на проблемот кој е врзан за спортските објекти. Спортските објекти се со поголем капитал отколку она што го сместиме во Законот. Таму ги регулиравме некои организациони односи во тој Закон, така да мислам јас му придавам голема важност на овој Закон, со цел да ги заштитиме објектите. Во таа смисла мислам дека е со закон не е со подзакоски акт. Инаку посебно му благодарам на г-динот Беќир Жута што даде едно извонредно образложение во овој дел, меѓутоа јас како пратеник се загрижував во смисла на тоа дали овие стопански субјекти кои сигурно и едната и другата страна кога ќе стават на вага со озбилни проблеми, меѓутоа 1/3 од претпријатијата кои не можат да ја подмират оваа обврска а оној што ја дава услугата е многу да не кажам категоричен дека треба да ја пресече струјата и да го укине производството дали нема да се најдеме во една иста таква позиција која би се нашло и Електростопанство.

Јас одам на некое решение да не испадне дека сум педагог, меѓутоа сметам дека има можности со одредени механизми и кај граѓаните дали се социјална програма што ќе ја подобриме или ќе обезбедиме некоја форма за физичките лица, за да сепак последиците не ги почувствуваме во таа мера ако Електростопанство остане на својата одлука, инаку комплетно го прифаќам образложението на г-дин Беќир Жута бидејќи таа страна е многу битна, заради тој е носител на целокупната услуга која треба да ја имаат сите претпријатија.

Благодарам.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри, јас сакам да постава едно прашање, врзано за урбанизам, таму е најблиску, имам информации дека во последно време набрзина веројатно нелегално се вршат пренамена и преименување на имотите узурпирани, национализирани, од едни лица сега им се даваат како своина на други лица без да се донесе законот за приватизација и се даваат од страна на компетентните органи и дозволи за градба и дека некои градби се почнати. Се разбира мене овие информации ми се од Тетово и од Гостивар и Скопје, но можеби и на други места, па ги молам органите , пред се Министерството за урбанизам да провери колку е точна оваа процена и овие изгледи, јас располагам со некои документи ќе ги доставам до Министерството да ги провери затоа што мислам дека потоа ќе имаме дупли проблеми по донесување на Законот за приватизација.

Сега, една колегијална молба до Владата, мислам колегијална во онаа смисла, добронамерна. Ние пратениците повремено имаме потреба да се состанеме со одделни министри. Јас го имам предвид фактот дека министрите се многу зафатени,тие се одговорни, ангажирани луѓе и дека сигурно е тешко да одвојат време. Меѓутоа, би молел не во смисла на привилегии туку во смисла на обврски на пратениците пред бирачите да се најде време, а Владата тоа може со некоја не знам каква методологија поблиску да ја одреди, а пратениците тоа да го знаат, а ние како пратеници да си землеме обврска да не ги задржуваме министрите повеќе од 10 минути. Зошто, верувајте ако јас два месеци не можам пред бирачите да кажам одговор од министерот за поодделни прашања мислам дека сам губам како човек, а и како нивни претставник.

Благодарам.

IX/2.-

**БЕКИР ЖУТА:**

Во врска со првопоставеното прашање дали објектите кои се национализирани и слично се предмет на продажба и дека некој на тој начин ќе ги предохитри донесувањето -на Законот за национализација и предизвика сериозни проблеми. Јас сум должен да ја кажам следната информација во име на министерот кој што е отсутен. Прво, во Законот за продажба на станови во општествена сопственост се што е од историска природа и се што припаѓа на категоријата на станови кои со присилни ј прописи се национализирани односно одземени тие се тргаат на страна и не се предмет на продажба.

Второ, со Законот за трансформација на деловните простории исто така истоветно решение кое има истоветен начин на решавање.

Јас ова нејќам да тврдам дека некаде, поединечни случаи независно законските решенија можно е да испреплетува определен однос, но добро е граѓаните и другите кои го гледаат тоа да го пријавуваат случајот и да се спречи. Инаку, регулативата е оваа, но како што се случува веројатно и во другите области да се прават определени злоупотреби, јас не можам да тврдам дека не се прави, веројатно пратеникот има право кога констатира, веројатно има некоја информација во тој поглед, но добро е таквите сознанија да се презентираат кај надлежниот орган да се спречат. Инаку, навистина би била лоша појава доколку почнат почесто да се повторуваат.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин претседателе, драги пратеници, јас имам три прашања.

Едното прашање е до Министерството за стопанство и веројатно во МВР. Кој треба да ги контролира и дали се почитува работното време на кафичи, кафеани според Законот. Мислам дека во зимскиот период е до 23 часот, а во летниот период до 24 часот. Меѓутоа, ова работно време не се почитува.

IX/3.-

Второто прашање е до Министерството за сообраќај. Истото прашање го имав поставено пред една година и тоа по барање на 5 до 6 потпелистерски села. Се работи за изградба на надвозник кој им беше ветен од страна на СИЗ-от за патишта на РМ кога ја пробиваше трасата на новиот пат Битола- Р есен. До денес овој надвозник кај село Кажани не е направен.

Третото прашање е до Министерството за надворешни работи. Ако Република Албанија се третира како демократска, отворена држава, зошто не е дозволено дописништво на весникот "Нова Македонија" во Тирана и што е преземено од страна на Министерството за надворешни работи на РМ.

**БЕКИР ЖУТА:**

Во врска со првопоставеното прашање за работното време и траењето на работното време во угостителските објекти. Таа е материја е регулирана со закон и определено е со закон времетраењето со оглед и независно од законските решенија се случува да и покрај определеното работно време во одредени средини се продолжува со гозбите се обиде Министерството за стопанство во свое време да донесе еден правилник со кој уште поблиску го уредува работното време во овие објекти особено оние кои се внатре во градовите, а кои предизвикуваат рушење на мирот на граѓаните и нивното спокојство.

Мислам дека сите сме сведоци на еден или друг начин што се случуваше оти од Скопје сите се преселија горе на Водно и почнаа да организираат циркуси се и се да вршат притисок тој Правилник да се повлече од употреба, а не само децата туку и нивните родители да вршат притисок врз тогашниот министер за стопанство да го повлечат и да им овозможат на децата да се расположат независно во која мерка им го пореметуваат мирот на другите и сл. Тоа е вистината.

IX/4.-

Трето, контролата за почитување на работното време е утврдено со закон и е во надлежност на пазарната инспекција и на полицијата. Се чини треба да поставиме пазаришен инспектор и по еден полицаец пред секој објект за, да можат во исто време да се затвараат а не сме во состојба во ист објект така да се случуваат да поради контролата која на тој начин е орглнизирана а тешко е и нерационално на друг начин да го организираме се случува некои преку пропишаното време продолжуваат со активности, но ако се затекнат тогаш следат санкции против нив. Можеби санкциите се благи, да размислиме дали тие не се благи за да некои не се осудуваат да го прекршуваат тој закон.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, со оглед на фактот дека веќе поодамна во јавноста на град Скопје, па и пошироко постојат повеќе коментари околу изградбата на објектот наречен Палата унија кој се гради пред Студентскиот дом "Кузман Јосифовски" во центарот на градот, имам едно прашање до Владата на РМ односно до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина. Прашањето би гласело: На база на која релевантна документација е започната градбата на објектот, кој дал барање, кога за изградба на објектот, кога е дадено одобрени и од кого е потпишано тоа одобрение.

Благодарам.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Прво прашање до Министерството за труд и социјална политика.

Во членот 16 од Законот за штрајк предвидено е престанок на работен однос со одлука на дисциплинска комисија. Во членот 115 став 1 точка 1 од Законот за работни односи ова прашање е регулирано на поинаков начин односно прашањето на отказ е во компетенција на работоводниот орган.

IX/5.-

Ние сме сведоци на доста штрајкови во Републикава, се создава една хаотична ситуација,што ги дуваат, дуваат работноправните субјекти до кризни состојби и до закажување на работните резултати во работните организации. Прашањето е, кога мисли Министерството за труд и социјална политика да го покрие ова неадекватно правно решено прашање заради подобро функционирање на правната држава во РМ.

Второ прашање, во членот 3 од Законот за приватизација номинирани се работо - правните субјекти кои што не можат да се приватизираат. Според тоа, со законот за приватизација во суштина е извршена парцијална приватизација на македонското стопанство. Општеството и натаму се наоѓа во криза односно и во рецесија па го поставувам прашањето до Владата: Дали Владата има намера да продолжи со реформските процеси во смисла на приватизација на општествените дејности јавните со образованието и здравството.

Трето прашање до Министерството за труд и социјална политика: Кога министерството аз труд и социјална политика има намера да го донесе Законот за вработување, ова од аспект што во Заводот за вработување се пријавуваат субјекти само заради искористување на правата што ги нуди постојниот закон за вработување, а секако дека тоа и таквиот начин ги црпи средствата на државата за неадекватни намери особено во областа на здравствената заштита со што се става во нерамноправен однос другите граѓани на РМ.

Четврто прашање пак до Министерството за труд и социјална политика. Со Законот за работни односи кажано е дека работниот однос во работоправните субјекти се заснова со договор. Досега вработените во работоправните субјекти имаат решенија за работа, па прашање е дали тие решенија треба да се трансформираат во договори што е лесна постапка, меѓутоа клучно е прашањето што со оние со што со определен рок објавен јавно од органот на управување не ќе го потпишат или не ќе го прифатат договорот.

IX/6.-

Петто прашање до Министерството за надворешни работи. Познато е дека на границата на РМ према соседните држави и натаму постои терминот СФРЈ. Кои мерки и активности има намера Министерството за надворешни работи да ги преземе„.ова прашање да го елиминира од аспект што Република Македонија претставува суверена и самостојна држава.

И, ќе ми дозволите, бидејќи беше поставено и едно прашање можам да кажам и до мене што беше поставено до министерот за здравство околу прашањето за труењата во Паталогае да негирам дека е неточно дека Медицинскиот центар не укажал здравствена заштита. Точно е тоа дека лекарот од итната медицинска помош е првиот човек што е информиран за ситуацијата и ги посетува овие случаи, точно е и тоа дека лично и јас заминав за медицински центар и дека се активирани сите служби за прием доколку се јавува потреба, дека на некои случаи е апликирана терапија, дека се ангажирани две санитетски возила за прифаќање на овие болни, меѓутоа дека по еден саат чекање бидејќи во екипата на децата постоел и лекар веројатно е заклучено според тоа што во Охрид има и инфективно одделение како компетентно за оваа проблематика заминати се за Охрид, а после натака, и мислам дека треба да останеме на релацијата на одговорот на министерот за здравство со релевантните лабораториски анализи, постапки и стручни анализи и ова прашање да не се политизира.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Едното од прашањата да во РМ не се спроведува доволно односно се спроведува недоволно, неадекватна трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Мислам самиот пристап е незгоден, инаку самиот факт дека околу 800 претпријатија добиле согласност за приватизација од вкупниот број 1216 веќе го доведува во прашање проблемот на конечна реализација заклучно со 1996 година.

IX/7.-

Овој Парламент пред еден месец го усвои Законот за трансформација на земјоделските комбинати и земјоделските задруги и кои стопанисуваат со земјиште во општествена сопственост, кои исто така создале правен основ и во таа сфера да може да течат работите околу приватизацијата.

Кај банкарскиот систем кој исто така е опфатен во член 3 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал познато ви е дека веќе длабоко сме навлегле во тие реформи на банкарскиот систем како земја, па дури подлабоко во процесот на нивната санација и трансформирање во приватна сопственост. А прашањето, дали треба да се приватизира здравството, дали треба да се приватизира школството не треба да фрла црна сенка на ефектите кои се постигнати на подрачјето на приватизацијата, а тоа е идеолошко прашање дали треба да се приватизираат. Притоа јас би додал дека ние дури и во овие две подрачја имаме определени процеси на формирање на приватни институти. Во здравството ги има доста на број, но јавните здравствени установи остануваат јавни и здравствени установи, а покрај нив делуваат и другите кои се формирани, а во сферата на образованието, во средното образование знаете дека е допуштено да се формираат и средни училишта од лица кои можат тоа да го финансираат и сл.Но, не и трансформација на самото школство, не и трансформација на самото здравство и поради тоа не треба за тој идеолошки проблем не треба да се фрла црна флека на целиот процес на трансформацијата оти делумно се спроведува. Не е точно тој комплексно се спроведува и има ефекти.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Мислам дека од г-динот министер терминот парцијалност на приватизација е од погрешна конотација сфатен.

X/1.-CC/OM

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (Продолжение)

Јас зборувам за парцијална затоа што немаме тотална приватизација во сите сектори на општествениот живот. Јас признавам дека приватизацијата се одвива во најголем обем и опсег во секторот стопанство. Меѓутоа, јас спомнав дека со членот 3 од Законот за приватизација оставени се доста работоправни субјекти од доста области на животот што не се приватизирани.

Сега поставувам прашање дали Владата има убедување дека и поедини сектори што се оставени во членот 3 да се изрши трансформација, а трансформација значи приватизација, заради тоа што имам убедување дека процесите на приватизација и во некои области од номинираните сектори во членот 3 можат да даваат по позитивни резултати во излегување од кризата во РМ. Тоа е во суштината на прашањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сами Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Поради времето, да не оддолжам, блиц прашања и затоа очекувам писмено да се одговори.

Прво, до министерот за внатрешни работи кратко прашање, каква е состојбата со раководните места во полициските станици во

Скопје и Куманово, да не одам понатаму. Значи, командир и заменици,

колкав е процентот на учеството на албанците во овие раководни места?

Второто, исто така за министерот Чокревски, состојбата во државната безбедност, колку има албанци и колкав е процентот во таа служба.

Второ, не знам кој е надлежен министер за ова, прашувам дали во Матицата на иселениците постои некој сектор кој се грижи за иселеници од Македонија. Македонци да, се знае тоа, но албанци, турци, власи, роми и други. Ако нема таков сектор би било добро да постои сектор, оти доста иселеници од Македонија има, со потекло од Македонија, низ светот, Европа, Америка па и Австралија. Би било добро тие граѓани да се некако во надлежност на оваа Матица, за да можат да ја имаат врската со матичната земја.

Трето, сигурно е ова за министерот Поповски, се работи за територијалната поделба, зошто граѓаните од пограничните и ридско - планинските села во Скопска Црна Гора: Брест, Мралино и Танушевци не се воопшто консултирани дали сакаат да пристапат кон новата општина Сандево, бидејќи имав контакт со нив. Воопшто ништо не знаат. Право да Ви кажам и јас не знам што да им одговорам. Тие ќе треба да патуваат низ Гушиинце- кумановски да дојдат во Липково - Куманово да дојдат да стигнат во Чаир каде припаѓаат и после да одат во Сандево. Патишта нема моментално. Минатата недела бевме со амбасадорот Торе Бок, за малку на 2-3 места ќе се превртевме...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, за тоа ќе разговараме, имаме.

**САЛИ ИБРАИМИ:**

Значи, пат нема и луѓето, Ве молам некој вака кој е подобро запознат да оди да контактира со луѓето.

Натаму, до министерот г-дин Бузлевски, не е тука, ова е веќе мое трето или четврто прашање, до кога овие села вклучувајќи го сега и селото Блатце што е на границата, не можат да добијат ни километар

асфалтен пат или пат за да можат луѓето да сообраќаат. Тие се тотално изолирани, само со хеликоптер се оди, никако поинаку, или со коњи.

Село Блатце од границата е само еден ипол километар и еден ипол километар со другото село, само -за 3 километри асфалт луѓето патуваат по 30,60 километри. Ја гледа куќата, треба да врти низ цело Скопје па да се врати да оди во својата куќа. Бидејќи се погранични, мислам дека државата и дотичното Министерство треба да направат нешто за нив.

Ова е за трите министерства за сообраќај и врски, за развој и за образование. Сега ќе одам кон Источна Македонија, дали е предвидено некое подобрување на условите за нормален живот во општините во Источна Македонија каде живеат припадници на турската националност? Ова го велам според она што сум го гледал на телевизија, неколку емисии. Не велам дека само тие, сигурно има и македонски села и македонци живеат на тоа ниво, дали е предвидено нешто да им се некако облагослови, облагороди животот. Ако се тие сточари и земјоделци, барем да, имаат вода, да имаат школо, патишта. Дали е можно Владата да направи нешто да изгради средношколски центар, со еден интернат, па учениците од сите тие села да се вклучат во еден центар. Да можат и турците барем средното образование да го завршат на својот мајчин јазик. Оваа појава дека турците таму живеат позаостанато од турците во другите делови на Републиката.

Сето ова го велам за да можеме да придонесеме за поправањето на животот во селата. Не само овие што ги спомнав, туку во сите заостанати села на цела територија на Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојковски.

X/4.-

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Имам неколку прашања:

Првото прашање до Министерството за финансии зошто од Министерството за финансии се уште не се префрлени средства на Координационото тело за електрификација на неелектрифицирани села иако со Буџетот се предвидени 30 милиони денари. Не префрлање на средства до Координационото тело наполно ја стопира програмата за електрификација и сметам дека доколку под итно не се префрлат средства извршувањето на програмата за електрификација не може да се спроведе бидејќи треба да се работи во планински села што бараат време за извршување на електрификацијата и под поволни атмосферски услови. Ако може претставникот на Владата писмено, може и усмено да одговори.

Второто прашање до Министерството за развој. Агенцијата за развој на неразвиените краишта и погранични населби и села за пограничните села за луѓе над 50 години здравствениот надоместок или здравствениот придонес го надоместува Агенцијата. Прашање е, може ли овој надомест Агенцијата да го подмирува и за жители постари од 50 години од краишта села прогласени за компактно не развиени, бидејќи овие жители имаат многу тешки економски и други услови за живеење, згора на тоа остануваат и без здравствена заштита. Ова прашање сметам дека треба да биде писмено бидејќи задира во обезбедување додатни средства за овие жители над 50 години.

Трето прашање, не знам дали до Министерството за земјоделие,што може да се преземе населението од ридско - планинските региони, поточно од регионот на селото Бајловце кое опфаќа уште 6 села, населението да може да го заштити својот сточен

X/5.-

фонд. Во последниве неколку месеци во овој крај се удавени над 50 овци и неколку крупни грла добиток од страна на волци. Чуварите на овци, иако сите ловџии, по завршувањето на ловната сезона, на сите им се запечатени пушките и не смеат да ги употребуваат во одбрана на сточниот фонд. Сега го поставуваат прашањето како да го заштитат и својот живот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Потпретседателот Жута ќе одговори на едно од поставените прашања.

**БЕКИР ЖУТА:**

Во врска со прашањето упатено до Агенцијата за недоволно развиените подрачја, во сегментот што го опфаќа прашањето за преземање на обврската за плаќање на придонесот за здравствено осигурување од страна на Агенцијата да се прошири просторот на опфатот односно бројот на корисниците на тоа право, одговорот е дека ова Собрание ги има утврдено границите каде што може тоа право да се користи како такво. Тие се утврдени со закон , а не со одлука на Владата и не може да се менуваат од расположение во Владата , дали е склона или не е склона. Има и цена , проширувањето, сигурно. Така што одговорот е дека е тоа законско решение и не може поинаку од тоа што е речено во законот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Мирко Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Јас имам две куси прашања.

X/6.-

Едното се однесува до Министерството за труд и социјална политика, што досега презело ова Министерство со оглед дека состојбата е позната и дека штрајкот на вработените во Стоковната куќа"Типо"во Гостивар трае од 26 јуни минатата година, стоковната куќа е затворена без струја, вода, штрајкувачите не примиле плата повеќе од еднаипол година. Ги обиваат вратите на многу министерства. Биле и во Собрание. За нив нема одговор. Ќе минат во штрајк со глад.

Второто прашање е до Министерството за внатрешни работи, познат е случајот од пред две години за мистериозната смрт на еден млад човек од 20 години од Гостивар за кој е доставено и до Министерството повеќекратно барање за разјаснување на оваа мистерија, бидејќи во оваа работа се вмешани органите за внатрешни работи од Гостивар.

Барам одговор во писмена форма на двете прашања.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Со оглед на отсатност ана министерот за труд и социјална политика и тоа во писмена форма ќе биде.

Има збор г-динот Љубомир Чадиковски (не е тука).

Има збор г-динот Драган Георгиев.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседатле,

Моето прашање е упатено до министерот за водостопанство, земјоделство и шумарство, а го упатувам во името на граѓаните на населбата Мокриево - Струмица.

Станува збор за следново, во текот на 1994 година во атарот на ова населено место е изградена мала акумулација, базен од 26 илјади

кубици вода наменета за наводнување на површините од ова населено место, меѓутоа од тогаш до сега оваа акумулација се уште не е отпочната да се користи.

Прашањето гласи, кои се причините што до сега оваа мала акумулација не е ставена во функција и кога ќе отпочне со експлоатација на базенот во село Мокриево.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Писмено ќе се одговори.

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Јас имам неколку прашања. Сосема кус вовед во првите две прашања би направил со неколку реченици.

Имено, во 1989 година е заклучен Договор за користење на покриениот базен во Карпош помеѓу Градскиот одбор, тогашен, за пливање синхроно пливање и ватерполо на Град Скопје и Министерството за образование и физичка култура. овој Градски одбор тогаш формира работна заедница што работи како стручна служба на оваа работна заедница.

Со текот на времето,со промена на прописите поднесено е барање до Министерството за внатрешни работи овој Градски сојуз да се пререгистрира во Пливачки сојуз на Град Скопје. Со првостепено решение на МВР е одбиено ова барање, така што до надлежната Комисија на Владата по жалба на ова првостепено решение се враќа на повторно одлучување и повторно Министерството за внатрешни работи односно МВР подрачна единица како првостепена го одбива ова барање.

Од оваа ситуација би имал две прашања, едно до Министерството до образование и физичка култура и едно до Министерството за внатрешни работи.

За Министерството за образовани и физичка култура,како е можно и понатаму некогашната работна заедница на овој одбор, односно сојуз без било каква согласност од министерство, СОФКА или било кого самостојно и самоволно да располага со покриениот пливачки базен во Карпош,а при тоа основната намена за која беше дадена на одборот односно Сојузот беше користење за тренирање и натпревари на Ватреполо клубот "Вардар" и Ватреполо - клубот "Младост".

За ова барам писмен одговор со една хронологија за настаните од страна на Министерството за образование.

Прашањето до МВР во врска со оваа состојба е зошто повторно е одбиено прашањето за регистрација односно пререгистрација на Пливачкиот сојуз на Град Скопје, бидејќи во образложението е наведено дека е одбиено поради недоволен број делегати, што всушност не е точно односно не се проверени тие факти.

Имам прашање до Министерството за одбрана, дали и кога ќе има долго најавуваната распределба на воени станови за активни корисници, за активни воени лица во состав на АРМ, со оглед на тоа што долго време овие станови се очекува да се поделат, а не се поделени.

Прашање до Владата, дали и за кои производи се предвидени или се веќе предвидени таканаречени наменски контигенти за увоз и извоз на одредени производи и за кои претпријатија. Барам писмен одговор, по спецификација на производи, по спецификација на фирми со тарифни броеви и зошто се предвидени тие таканаречени наменски контигенти исклучиво на одредени претпријатија.

X/9.-

Прашање до Министерството за образование и физичка култура, дали се предвидува организирање на целодневна настава и престој барем во едно основно училиште во општина Чаир, со оглед на тоа дека во оваа општина се сто илјади жители, а се уште нема ниту едно училиште што има организирано целодневен престој од прво до четврто одделение.

Бидејќи не добив одговор се уште на две прашања, истите ќе ги повторам.

Едното се однесува до Владата, дали Владата размислува со интервенција во прописи, подзаконски акти или предлагање нови законски акти обврските на граѓаните по одредени обврски за одредени комунални услуги на јавните претпријатија да се подмируваат со заробени девизи, барем за оние социјално загрозените.

Последно прашање, повторно, бидејќи не ми е одговорено до министерот за сообраќај и врски, и до се уште постојната Републичка СИЗ за патишта, кога се изврши детална реконструкција на следните регионални патни правци во надлежност на Републичката СИЗ , односно во надлежност на Министерството: село Јурумлери, Долно Лисиче, улица "Китка", село Драчево и Драчево , Студеничани, Зелениково.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Вие инсистирате на писмен одговор.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Во врска со прашањето поставено во врска со контингентите и како што беше оквалификувано прашањето дали постои одлука за контигенти наменета за одредени претпријатија и со одредени производи.

Одлуката за контингенти е донесена од страна на Владата, некаде на 29 април 199 6 година. Таа е објавена во "Службен весник" и освен таа одлука не постои ниедна друга одлука која има регистар на претпријатија и регистар на производи кои се наменети за тие претпријатија. Така што не може да се поставува прашањето дали постои и друга одлука за контингенти од онаа што е објавена, одговорот е не постои таква одлука. А ако се сака да се елаборира конкретно прашањето во рамките на таа одлука за контингентите, тоа е веќе друго прашање и можеме да разговараме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Господине потпретседателе, прашањето ми беше пошироко поставено. Се работеше за таканаречени наменски контингенти само за тој дел, односно за оние контингенти кои се утврдени само за одредени производи и за одредени претпријатија исклучиво и тоа барав писмена спецификација, односно оној увоз и извоз кој е можен само по пат на преработка односно процесија. Затоа барав писмен одговор. Веројатно знаете на што мислам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, пратеникот Шапуриќ, ќе добие писмен одговор на поставените прашања, и има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе, почитувани министри и господа пратеници и дами еве дојде време еднаш и јас од оваа говорница после три месеци да станам и да поставам едно пратеничко прашање. Имам едно пратеничко прашање до Министерството за култура и образование, а имам обраќање од граѓаните од Населба Шуто Оризари од школото "26 Јули" затоа што тоа школо таму во таа населба многу е загрозено што апсолутно таму не може ни да се учи ни да се влезе. Тоа е, морам да го кажам зборот "голем смрдеж" е внатре, многу мириса, децата не знам како издржуваат внатре, бегаат од часови, целото школо е испокршено, прозори,! врати, голема нечистотија и мислам дека би требало, а и се залагам за тоа една контрола да има и да се испрати една инспекција во школото. До колку се увиди дека тоа школо не одговара и нема услови за школување да се затвори тоа школо, бидејќи две училишта има во населба Шуто Оризари, па мислам дека на тие ученици таму им следува да имаат свои услови за учење во школо и би требало нивните родители, навистина учествуваат во тоа школо, одвојуваат од своите средства за образование. Таму не се само роми, таму има албанци, има македонци, има од сите националности и ред е малку да се поведе сметка и да се види околу тоа, околу тие населби. Таму што се наставниците и директорите ви рекле дека за тоа излегуваат деца од прво, второ, трето и четврто одделение, после не одат да учат, нормално е дека ќе бегаат от школо кога не се води евиденција. Сите знаете, а и целата наша Република комплет знае дека во Македонија ромите повеќето од Шутка

напуштија и отидоа азиланти во Германија. Ние како партија се залагавме ромите сите да се вратат и да ги пуштат своите деца повеќето од Населбата Шуто Оризари да одат во школо. Но, кога ги немаат условите мислам дека тоа не е во ред би требало тоа да се земе предвид.

Второто пратеничко прашање го имам до министерот за внатрешни работи. Сакам да ми се даде одговор дали во Македонија постои мафија. Дали постојат агенции за обезбедува&е, затоа што ние сме нова држава и ако дадеме можност за некои зафати што ги има сега во Македонија земено овде, мислам дека ќе се случи истото како што е во Бугарија, така овде кај нас во Македонија. Сакам да знам и да се образложи дали во Македонија постојат реќетари или не. А јас сум сигурен дека постојат во Македонија. Да преземе овој наш Парламент тоа да го спречиме во Македонија, да не дојде, затоа што ќе имаме идни избори овде во Македонија, па верувајте дека дали претседателот на Македонија, дали пратеници, дали премиер на Македонија ако биде тоа како што е во Бугарија, да знаете дека мафијата овде ќе поставува премиер и претседател на Македонија, или кој ќе биде пратеник. Јас мислам дека тоа треба да се земе предвид. Јас сум многу запознат со градот, контактирам и со тие што се такви регистрирани фирми за рекетари,а тие се мафијаши овде во Македонија. Ви го кажувам ова затоа што мене ми се случило, мене лично ми се случи ова и постои во Македонија, да се земе предвид ова и сите ние пратеници што сме тука да го сфатиме ова како многу сериозно прашање за иднината на Македонија. Да не дојде како мафијата во Бугарија што командува, да командува овде мафија во Македонија.

Третото пратеничко прашање ми е околу изборната единица 114 за Топаана. Топаана постои 100 години, знаете дека е постара и од центарот од градот, а тоа е во центарот на градот. Таму се случуваат разни инциденти во Топаана. Животот на ромите во Топаана знаете дека

староседелци се во Топаана, се води како општ и народен имот и не можат тие роми апсолутно ни да доградат, ни собичка да направат, ништо, нема ни канализација. Верувајте дека некој ден министерот за финансии беше, а и министерот за култура кога се снимаше филмот во Топаана лично виде што значи таа Топаана. Јас мислам дека би требало да се преземе, затоа што вчера во Топаана ќе се случеше голем инцидент каде ќе беше нападната и милицијата и инспекцијата и сите роми околу 2000 ќе беа пред Парламентот и пред Владата ќе штрајкуваа да не бев јас како пратеник и господинот Фаик Абди на лице место да дојдеме и благодарение на министерот за урбанизам Јорго Шундовски. Вчера голем инцидент ќе се случеше,а зошто тие роми на 10 квадрати или 15 квадрати 10 члена да живеат во една соба и да нема право да изгради една или две соби и тоа некогаш некои по канти, некои туркаат колици. Не сме сите богаташи како што јас сум богаташ или некој друг, мислам дека има сиромаштија и треба да им се овозможи да најдеме нешто, да го решиме тој проблем. Барам доколку може да се даде образложение усмено, а доколку не може да ми се даде написмено.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој од Владата бара збор или писмен одговор ќе добие пратеникот.

Значи на поставените прашања пратеникот ќе добие писмен одговор.

Има збор господинот Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани министри, имам две кратки прашања до министерот за правда дали законито е утврдена и извршена наплатата на градската рента донесена од Собрание на град Скопје.

Второто прашање дали секој граѓанин може во редовна постапка да се заштити од погрешно наплатената градска рента. Бидејќи овие наплати создадоа еден немир меѓу граѓаните молам да ми се одговори писмено.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали барате писмен или усмен одговор.

Значи пратеникот бара писмен одговор.

За збор се јави господинот Паумов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господине потпретседателе, дами и господа, јас имам четири прашања, меѓутоа нема да дадеме образложение само ќе ги поставам како прашања.

Во април месец 199 6 година Врховниот суд на Македонија има донесено став камата на камата да не се наплатува. Ставот дали е законска одредба, дали може да се применува во банки и стопанство, прашувам и ставот од кога треба да се применува, дали може реактивно да се применува или не. Кога банките бараат од организациите наплатуваат камата дна каматата секој месец и го претвораат во долг. Наплатена е каматата. Кога ќе дојдат судските решенија да се извршуваат од пред десет години, обврските и пред пет години сега платниот промет не се извршува поради судскиот став. Сега прашувам дали наплатените камати на камати ќе се вратат на стопанството и на доверителите односно на корисниците и дали ќе се извршува ставот од денот на донесувањето, па натаму или ќе се применува за сите неплатени обврски. Мислам дека ова е познато во април Врховниот суд на Македонија го донел ставот, неговата судбина и како ќе биде неговата примена, меѓутоа има реагирања и од граѓани и од стопанството за ваквата состојба.

Второ прашање Кочани по квалитет, не знам а по квантитет има вода. Меѓутоа е речено водата не е за употреба за пиење, па барам да се провери дали може да се користи за употреба или не и кое е решението. Дали има услови да се изгради браната односно зафатот на Оризарска река и да се пие чиста убава вода за општините Кочани и Виница или нема услови да се изгради таква брана. Тоа е второто прашање.

Трето прашање дали Владата на Република Македонија размислува да направи програма за искористување на богатите води во Македонија кои ги имаме, односно какви ги имаме, по долгорочна програма да се знае кога и како би можеле да се користат, кое што мислам дека е едно богатство оди во недоглед.

Четврто прашање како Владата мисли на кој начин и како да се искористат топлите води во Кочани. Се правеа програми, меѓутоа не се спроведуваат, дали може и дали има потреба да се изврши едно големо богатство со кое ќе се заштеди и гориво и средства и едно огромно богатство, всушност да се провери по програмите, што нудат програмите и што може да се искористи. Сите овие прашања до Владата на Република Македонија барам да ми се одговорат во писмена форма.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Пратеникот бара писмен одговор.

Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

До Министерството за труд и социјална политика имам едно прашање во врска со познатиот проблем на интеграција на имигрантите во Република Македонија од областа на Мала Преспа. Еве веќе шеста година некаде околу стотина граѓани кои се наоѓаат сместени во комплексот на Туристичката населба "Отешево", за кои Министерството за труд и социјална политика извојува месечно околу 150 до 170 илјади

марки само на сметка на трошоци за сместување и исхрана и здравствена заштита. Прашањето е: "Дали сериозно се размислува за дефинитивно разрешување на тој проблем, и доколку постои некој проект која е временската мерка до кога тој проект ќе се реализира.

Второто прашање го имам до министерот за одбрана господинот Благој Ханџиски. Деновиве во печатот на Република Македонија од Секторот за логистика во Министерството за одбрана е излезен конкурс за јавно надавање во врска за издавање на деловен простор под закуп со кое располага Министерството за народна одбрана. Прашањето гласи: Со обѕир на фактот да во Законот за продажба на деловниот простор опфатен е и деловниот простор со кој располагаат и другите државни органи а не го користат за основната намена прашањето би гласело: Дали ваквиот начин на огласување за продажба на овој деловен простор е во согласност со законот за продажба на деловниот простор во Република Македонија?

Едно прашање до Министерството за образование. На раководниот орган во Средно училишниот центар "Крсте Петков Мисирков" во Демир Хисар на 25 овој месец, м^ истече мандатот за директор, до тој ден не е распишан конкурс за избор на директор, и постои по мене празен вакум во функцијата на раководење на тоа училиште. Прашањето е што ќе преземе Министерството во таа насока, барам писмен одговор. И до Министерството за внатрешни работи во претходниот период од 3 години, поради познатите услови на работење на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општина Демир Хисар и станицата на полицијата за кој пак беа запознати раководните структури во поранешниот состав од министерот за внатрешни работи на лице место од заменик министерот за внатрешни работи и поранешниот

работник генералот Богоев на лице место за кои се изработени проекти на лице место и тн. работата е во застој, доведена е до таа состојба на нарушеност на основното обавувањето на функцијата поради смештајните услови како на униформисаниот дел така и на управните служби што ги обавуваат управните функции. Дали се планира во оваа буџетска година со обѕир дека е сезона сега на градежни интервенции да се дефинитивно симне од дневен ред тој проблем на Министерството за внатрешни работи.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали писмен или усмен одговор на последното прашање.

Повелете, министерот Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Во врска со изминатиот мандат на директорот на училиштето во Демир Хисар, веднаш ќе се именува вршител на должност кој ќе може да ја реализира постапката на избор на директор. Инаку директорите знаат која е нивната обврска, пред истекот на мандатот веќе кажев пред три месеци треба да се отпочне со таа постапка. Значи ќе именувам вршител на должноста, значи избор на директор.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господинот Мирко Пецов има збор.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас имам две прашања.

Првото прашање веројатно е за министерот за финансии.

Во декември 1995 година Собранието на РМ го донесе Законот за гаранција на РМ по договорот за заем по кредитна линија за мали и средни претпријатија склучен меѓу Европскаста банка за обнова и развој како заемодавач и Стопанска банка - Македонска банка, Алмако банка и Експорт-импорт банка во износ од 40 милиони ДЕМ. Во законот е предвидена обврска Владата на РМ со секоја од банките заемопримачи да склучи договор за обезбедување на плаќање на заемот. Прашувам дали Владата на РМ го контролира извршувањето на склучените договори со секои од банките поединечно, колкав е процентот на извршувањето на овие средства, односно дали истите се целосно распоредени на крајните корисници и се благовремени искористени, дали се уште имаме нераспоредени средства и ако ги има да се соопшти нивниот износ и причините за нивното досегашно нераспоредување. Сметам дека во користењето на кредитите нема доволно ефикасност кај некои деловни банки и мислам дека тоа го забавува развојот во РМ затоа и го поставувам ова прашање Владата да го проконтролира.

На ова прашање барам писмен одговор.

Второто прашање мислам дека е за министерот за стопанство, а тоа е што неопходен предуслов за вклучување на македонското стопанство во Европските економски текови претставува унапредувањето на квалитетот на производите, стоките и условите преку поведување на систем за квалитет според светскиот стандард ИСО 9.00 0.

Прашувам дали Владата припрема и ќе припрема таква национална програма за унапредување на квалитетот на производите, стоките и услугите бидејќи има една таква иницијатива скоро 1 година од Комисијата за развој и економска политика на Собранието и немаме реакции до сега, а пред можеби месец дена и од Стопанската комора има таква иницијатива бидејќи министерот е тука може и усмено да одговори дали на оваа работа Владата размислува и работи.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Сигурно дека без овој проект ние можеме да посакуваме многу работи за контактите на македонското стопанство со светот и непосредно со земјите со кои граничиме, меѓутоа, без да обезбедиме одреден квалитет тешко ќе можеме да продираме. Тоа е еден ангажман од своја врста, меѓутоа, ангажман кој непосредно е и директна обврска и на самото стопанство, а Владата треба да ги создава општите услови за да може во рамките на стопанството да се обезбедуваат услови кои ќе го нудат тоа.

Не знам зошто прашавте дека и Комората го бара тоа, вие знаете дека и Комората од страна на Владата е овластена оваа програма да ја спроведува како асоцијација на стопанството во Републиката и тие ја спроведуваат на некој начин. Досега има две организации кои ги исполнуваат условите за спроведување. Едната од нив што беше промовирана некаде во јануари или почетокот на февруари 1996 година е ЕМО од Охрид, така да таа програма е доверена на Комората и Комората ја спроведува, меѓутоа спроведувањето зависи од тоа кои се тие стопански субјекти кои ги исполнуваат комплет условите за да може во рамките на тоа после да се врши промовирањето на тој проект во

дотичното претпријатие и да се воспоставуваат врските потоа со институциите во рамките на Европската унија. Кај проблемот сега засега е заокружен само во 2 претпријатија. Не оди така како што замислуваме проблемот, самиот факт што стопанството по се изгледа во оваа ситуација се среќава со сериозни и тековни проблеми, неоти не го почувствува проблемот на квалитетот и кој проблеми и утре ќе ги има во тој поглед, него тековните проблеми кои да се уште не им допуштаат здив, да можат повеќе да се ангажираат и подолго да се ангажираат на тој план за да ја обезбедуваат својата перспектива и колку што сум јас информиран од Комората, тие прават напори да го лоцираат уште едно претпријатие кое е блиску до условите да уште малку ги усовршуваат условите и да дојде до промовирање на овој преку и во третото претпријатие на тој начин барем да ги имаме тие претпријатија кои ќе можат и да вршат и за себе и за другите услуги кои во никој случај не се доволни, веројатно бројот на претпријатијата кои ќе бидат приспособени и вклопени во овој програм, веројатно треба да постојат, веројатно бил многу мал бројот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Пецов има дополнително прашање.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Јас чувствувам дека не сум доволно разбран по ова прашање и затоа не сум задоволен од одговорот.

Јас барам и Комисијата бараше Владата да изготви национална програма за воведување на систем за квалитет по ИСО 9000,национална

програма. тоа го бара исто и Комората сега. Тоа тука лута Владатам мислам лута Владата, но во Македонија има доста луѓе што ја знаат таа проблематика, доста стручни за тоа и ми се чини дека треба да почнат да имаат своја национална програма како ќе воведуваат. Бидејќи ние имаме едно претпријатие од 5-6 човека, кое има добиено сертификат за ИСО 9000 и ЕМо има добиено една единица,- две. Во земјите иљадници претпријатија секоја година добиваат сертификати по ИСО 9000 и на тој начин економијата многу напредува. Ми се чини дека во светот 30 - 40% од трошоците се намалуваат. Профитот се зголемува по 20%. Без додатни вложувања, само со добри организации по системот ИСО 9000. Ние ако пристапиме на тоа, а Владата пред се ако не знае со што да почне мислам дека треба да почне со образованието, за било што да се направи мора да се почне со образование и треба да обучува кадри. Да стимулира и предлага. Да стимулира пред секоја организација, на Машински, Технички факултет има такви школи, секоја организација која школува таму свој кандидат треба да се партиципира од Владата за школарина или слично, така да имате во секое претпријатие во Македонија и над 50% во претпријатието, поголемите претпријатија да има еден кој ги знае работите од оваа област и веројатно ќе имаат успех како Влада, како стопанство, ќе имаме успех во подигањето на тоа, бидејќи преку знаењето само тоа се прави. Основен услов е да почнеме од тоа и да имаме своја програма како ќе го унапредуваме и како ќе го воведуваме. Едно или две претпријатија се само зачеток.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСК :**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и колеги, почитувани пратеници.

Инспириран од повеќето дискутанти по однос на немилиот настан ќе поставам прво прашаше до министерката за образование, физичка култура. Имам информација дека вашата наредба за забрана на реализирање на екскурзии надвор од земјата не е почитувана. Реализирани се екскурзии во соседните земји и во подалечни земји. Дали ќе преземете соодветни мерки согласно вашите ингеренции.

Прашање до министерот за урбанизам, градежништво и екологија. Одговорот да биде во писмена форма бидејќи не е тука.

Во тетовско во последно време вообичаена појава е да се градат спортски објекти без дозвола, најчесто на општонароден имот.

Прашање до Министерството за развој и стопанство, а можеби и земјоделие.

Дали долго очекуваните резултати за развој и поттикнување на индивидуалното земјоделство, особено сточарството, ќе се дистрибуираат и кои ќе биде начинот на нивната реализација.

Исто така до Министерството за урбанизам, градежништво и екологија.

Дали има вистина дека во Македонија се предвидува депонија за нуклеарен отпад. На која локација, за чии потреби и за која цел.

На ова би можело д се одговори усмено, ако некој од Владата е спремен да одговори зашто е актуелно прашање.

До Министерството за култура.

Објектот познат како Стара бања или Амам, во непосредна близина на мостот на реката Пена, претворен повеќе години во угостителски објект, чии што договор е истекнат, не може да се користи во својата основна намена како споменик на културата, бидејќи

сопственикот се уште и покрај донесени компетентни одлуки не го ослободува објектот.

До Владата на РМ - уште колку работни места во министерствата на Владата треба да се потполнат, дали постои систематизација и според која се вршат овие вработувања.

Исто така до Владата на РМ барам во писмена форма информација за состојбата за преземените работници и имотот и друго од поранешните партии СКМ, Социјалистички сојуз и Социјалистичка младина која што информација би требало да содржи:

Број на преземени работници;

Нивно работно ангажираше или не ангажирање;

Состојба на имотот по општини, површина, вредноста на имотот и негова сегашна немана.

До Министерството за финансии. Дали во ова Министерство постои орган кој врши контрола на трошење на буџетските резерва во единците на локалната самоуправа - инспекција за јавни расходи или буџетска инспекција и ако постои барам информација за нејзината активност.

Барам првиот дел од ова прашање да биде одговорено усмено. Дали постои таков орган, а второто се разбира се треба да биде во писмена форма.

Исто така до Министерството за финансии. По кои критериуми е одреден личниот доход на директорот на Агенцијата за санација на банките кој што е највисоко платениот чиновник во Република Македонија.

До Министерството за внатрешни работи.

Во последно време среќаваме многу возила во континуитет со таблички на странски држави во кои што доминираат возилата од

соседна Република Албанија. Овие возила се возат во екот на цела година, евидентно се работи за одбегнување на давачки кон државата, што сметам дека Министерството треба да најде начин да го регулира, давачките да бидат дадени таму каде што практично се користат патиштата и другите услуги.

До министерот за надворешни работи.

Дали министерот има намера на овој Парламент да се обрати со свое експозе на нашата надворешна политика или таа привилегија ќе ја имаат членовите на Комисијата за надворешна политика и многу често средствата, странските средства за јавно информирање.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

Прво, повеќе од 2 месеци граѓаните во Македонска каменица и околните места не ја следат II програма на МТВ. Прашувам до кога овој дефект ќе биде отстранет.

Второто прашање е до министерот за стопанство.

Со Законот за преструктуирање на 25-те претпријатија кои во своето работење искажуваат загуби отидоа по основ на технолошки вишок и една категорија е испод републичкиот просек. Такви од Рудникот "Саса" има десетина работника кои постојано доаѓаат во организацијата и бараат свои права. Од тука тие дошле во сознанија дека во одредени организации ова дотирање го вршела Владата. Дали во 25-те загубари има и такви кај кои за просек долна граница е земен просекот на Републиката, е не просекот што го остварил вработениот.

Третото прашање е во врска со неспроведувањето на казнените одредби од одлуката за одржување на комуналната хигиена. Познато е дека од поодамна се суспендирани казнените одредби до одлуката за одржување на комунална хигиена донесена од Собранието на општината, Со тоа судот за прекршоци не ги зема во постапка барањата за поведување на прекршочна постапка за нарушителите на комуналната хигиена. Од тука во подолг период едновремено е во прашање одржувањето на хигиената при што се најавуваат големи штети, се нанесуваат големи штети на јавните површини и нарушена е хигиената во градот со неконтролирано чување на стока и живина. Со тоа практично и комуналниот инспектор не може да ги исполнува своите обврски и овластувања. Ова прашање е поставувано повеќе пати како одборничко прашање на седниците на општините само без одговор.

Прашање до министерот за правда.

Кој е правниот основ за да одлуката за одржување на комуналната хигиена се спроведува во целост и која би била друга правна регулатива за одредување на оваа област.

Барам писмен одговор бидејќи министерот не е тука а за стопанството усмен бидејќи министерот е тука.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Прашањето е за лицата кој во рамките на проектот за 25-те загубари кои покрај другите права имаат право да им се исплатуваат и заостанатите плати и покрај отпремнината и тн. и дека според законското решение тоа да биде на ниво на просекот на Републиката. Вас ви е познато дека законот на 31.12.1995 година престана. За спроведување на тој закон во Буџетот за 1995 година покрај другото беа предвидени средства и за исплата на платите на работниците кои одеа како

технолошки вишок во рамките на тој проект. Дали некој правилно ги пресметала висината на просекот е прашање кое требаше во текот на 1995 година да се корекгира затоа што веќе Комисијата не располага со средства за да може неправдата, ако било неправдата да ја коригира, затоа што такви наменски средства не постојат во Буџетот за да може да ги измири тие обврски. Ме збуни фактот"Снитекс" има остварено некоја разлика, но тие таа неправда и таа грешка ја почувствуваа уште во 19 9 5 година, некаде во почетокот на IV квартал, веднаш реагираа и откако се проверија пресметките и се утврди дека е во право беше донесено решение за да се исправи грешката. Сите овие други барања кои евентуално ги следеле немаат материјална основа затоа што законот престана со 31.12., не се предвидени и средства за исправање на грешки во 1996 година она што се случи во 1995 година.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

Првото прашање е до министерот за стопанство и потпретседателот на Владата, Беќир Жута.

Во Кавадарци, како и во многу други градови во Републиката постојат голем број на претпријатија со многу тешки економско - финансиски состојби. Многу од тие се наоѓаат во стечајна постапка, некои се во постапка на трансформација. Логично во таква ситуација се јавува неминовна последица на намалување, популарно речено рационализација на бројот на работниците и тука е центрирано е прашањето. Во такви ситуации дали по основ на технолошки вишок, дали по основ на намалување на обемот на работа.

**ПАНЧО МИНОВ**: (продолжение)

Дали по основ на стечај, по било кој основ останувањето на работниците без статус на работен однос се јавува потребата од регулирање на социјалното осигурување.

Тука доаѓа до спротивноста со -солидарниот принцип на исплата на средствата за социјално осигурување и прашањето е следното:

Дали Владата со измена на законот за пензиско - инвалидско осигурување, со измена на другите закони кои ги регулираат придонесите на социјално осигурување размислува да го измени истиот закон со една мерка што ќе значи овозможување на оваа категорија работници да можат да си го регулираат социјалното осигурување и да остварат дали е тоа право на материјално обезбедување преку заводите за вработување или право на пензионирање или други права бидејќи тоа како проблем на голем број работници во Републиката постои.

Дали Владата размислува со странските средства за финансиска помош да изврши консолидирање на постојните претпријатија и да изврши поволно финансирање за вработување на тие лица.

Прашањето е дали Владата предвидува, а веќе е евидентно дека неоправдано се оддолжува преземањето на мерка на таквата структура на работници да им се разреши статусот или со социјално осигурување, а тоа значи поединечно или групно прифаќање на решавањето на исплатата на придонесите или со ангажирање на средства од таквите претпријатија за вработување. До сега нема конкретна мерка ни по едната форма за разрешување на статусот на работниците ниту по разрешувањето на нивното ефективно вработување.

Второто прашање е до министерот за образование. Во чле- новите од 74 до 77 од Законот за основното образование регулирана е контролата и надзорот од страна на Министерството преку заводите за школство односно за образование со учество на стручни лица - советници од самото школо и на директорот да вршат перманентно на две години контрола на самостојноста и осовременувањето на учителите и воспитувачите. Исто така во овие членови мислам дека е членот 76 од Законот предвидено е на почетокот на учебната година да се врши систематски здравствен преглед на наставниците.

Дали Министерството за образование и министерката има сознание дека првото потпрашање е дали ги има донесено подзаконските акти кои го регулираат начинот и условите на оценувањето и контролата на учителите и воспитувачите ако го нема зошто до сега не се до сега донесени?

Второ, потпрашање дали има сознание дека зголемувањето на работниот век од 35 на 40 години пензиски стаж за оваа структура на работници посебно кај учителите и воспитувачите се одразува многу на квалитетот на наставата односно имаме случаеви посебно на наставници во работниот век од 35 до 40 години пензиско осигурување да не одговараат на потребите од едно современо обавување на наставата, има случаеви ако на пример е двоспратно школото да не можат до II- кат да се качат, има случаеви да заспиваат на часовите, да има ненормална атмосфера во обавувањето на наставата, а тоа е евидентно во Кавадарци и во овој момент можат да се набројат 10 до 15 случаеви и дали функционира здравствената контрола за овие лица кои, бидејќи законот е рестриктивен, само за некои специфични болести не дај боже и такви да ги имаат учителите, дали се планира некоја заедничка комисија од стручен и здравствен аспект ќе направи вистинска контрола, ќе направи вистинско спроведување на овие членови и овие одредби од Законот се во функција да се подобри квалитетот на

наставата што е од интерес и за децата и за родителите и за државата. Овие две прашања ги барам усно.

Третото прашање е следното: се однесува на неколку министерства, на Министерството за стопанство, Министерството за урбанизам и на Министерството за здравство.

Во Кавадарци функционира еден стопански субјект АГРОПИН. Тој врши, без дозвола, препакување на хемиски препарати. Објектот му е даден како магацински простор од стариот деловен простор на претпријатието Ангропромет - Тиквешанка, исто така без дозвола има извршено адаптација на истиот во состојба да врши дејност која ја спомнав понапред препакување на хемиски препарати. Санитарниот инспектор има издадено дозвола, Министерството за стопанство има издадено дозвола за магацина за хемиски препарати. Фактичката дејност е препакување на хемиски препарати што врши големо загадување на едно цело населено место наречено Страшо Пинџур, Месна заедница Љубош - Кавадарци.

Прашањето е следното: (за коинциденција таму живее актуелниот министер за земјоделие).

Дали надлежните министерства за урбанизам, стопанство и здравство ќе преземат мерки за легализирање на работењето на фирмата АГРОПИН во онаа дејност за која е регистрирана и барам најитна интервенција заради заштита од труењето на граѓаните во оваа населба Страшо Пинџур најитно реагирање на подрачните единици на надлежните министерства во Кавадарци за спречување на натамошното загадување и труење на граѓаните од оваа месна заедница и ова населено место.

Прашањето е исто така, бидејќи треба време, барам изјаснување од еден од претставниците на министерствата дали може да ми се одговори усно во непосреден контакт за недела дена во интерес на граѓаните.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Нова значајна одредба во Законот за основно и средно образование е оценувањето на наставниците секоја втора година. Се разбира до колку наставникот биде два пати едно по друго оценет со неповолна оценка, тој го губи работното место. Оваа материја треба да се уреди со подзаконски акт. Десет подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за основно образование и шест подзаконски акти од Законот за средно образование се веќе донесени, овој подзаконски акт за оценување на наставниците, учителите и другите работници во училиштата е подготвен и верувам дека деновиве ќе биде донесен.

Подзаконскиот акт околу оценување на физичките и психичките способности овој кадар кој е вклучен во наставно образовниот процес треба да се подготви заедно со Министерството за здравство и верувам дека набргу ќе биде реализирано.

Инаку во поглед на условите за исполнување на условите за пензија се применуваат одредбите од Законот за работни односи, но блиско ми е размислувањето на г-динот пратеник и во таа насока можеби треба некое преиспитување.

**БЕКИР ЖУТА:**

Процесот на транзицијата, трансформирањето, приватизацијата па и она што беа последици од блокадите од север и од југ не се само карактеристика на кавадаречкото стопанство, туку на целото македонско стопанство. Тоа имаше за последица намалување на степенот на искористувањето на капацитетите, а причините ви се познати, зошто и како. Тоа предизвикува и социјални тензии преку тоа што добар дел на работници до вчера потребни во технолошкиот процес на производство во услови на намален обем на производството добиваат квалификација на технолошки вишок, ослободување од работен однос и слично. Со

процесите на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал сигурно оти тој процес на ослободување уште повеќе во оние средини каде неконтролирано одело обработувањето во поранешниот период дури како резултат на одредени акции за вработување независно од реалните потреби од работна сила, процесот на трансформација да ги исфрли исто така на површина, а тие што се наоѓаат на списокот на проектот за 25-те загубари, особено.

Меѓутоа, и покрај ограничувањата материјални на земјата мислам дека реформите кои се преземаа на овој план одеа комплексно и во сферата на социјалната заштита.

Прво и најосновно во една ваква ситуација реформите што ги извршија во Собранието и во сферата на Законот за работни односи и во сферата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување одеа во правец да ги обезбедат работниците кои ќе добијат статус невработени толкав стаж што го имале во своите претпријатија на еден, друг или трет начин со тоа што кај еден дел од нив државата ја преземаше грижата врз себе, а тоа беше Проектот на 25-те загубари и неисплатените плати до критичниот ден кога одеа во Заводот за вработување паѓаа на товар на државата, а кај другиот дел кои не беа во тој проект тоа беше обврска на самите претпријатија, но оние кои завршуваа во заводите за вработување им се обезбедени, според тие реформи на тој систем , материјалниот надомест и пензиското и здравственото осигурување на таа категорија на луѓе. Тоа е на товар на државата, а не на товар на претпријатието.

Второ, вам ви е познато дека во оваа земја трета или четврта година со ред функционира програмата за социјална помош на оние категории кои имаат прикоди по член на семејното домаќинство пониски од она што е утврдено со Одлуката на Владата. Независно дали е во работен однос и има ниска плата, дали е пензионер па има ниска

пензија, дали е во Заводот за вработување, па надоместокот му е низок односно вкупниот приход на семејното домаќинство и по други основи е низок и до колку се вклопува во таа категорија исто така му се исплатува разликата до полниот износ. Тоа сите корисници не го кажуваат дека го користат, а 54 илјади семејства го користат. Тоа не е доволно, да се разбереме, но сепак во рамките на материјалните можности и тоа што може да се прави во овој момент. Во една сериозна ситуација која е продукт на процесот на транзицијата, но во голема мерка е продукт на блокадите што и беа приредени на стопанството на оваа земја проблемите станаа уште посериозни отколку што во одредени други средини тие проблеми беа, но независно од тоа мислам дека во социјалната сфера се направи релативно добро да сепак таа категорија на луѓе кои остануваа надвор од процесот на трудот да бидат обезбедени по неколку основи кои ги набројав.

Во врска со прашањето за АГРОПИН да ви кажам право не ми е познато оти јас сум само два месеци министер за стопанство, поранешниот министер веројатно ја дал таа дозвола, не ми е познат проблемот не знам колегите дали го знаат може како прашање да се прими на себе и да се види што е што во сето тоа и доколку има последици евентуално да се интервенира. Треба да има многу гревови за да се одземе дозволата за работа. Не е лесно еднаш даден документ да се одземе назад.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има дополнително прашање г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Одговорот на министерот за образование Софија Тодорово наполно задоволува очекувам содејство помеѓу нејзиното министерство и Министерството за здравство за доследно спроведување на членовите од 74 до 77 во интерес на младата популација во образованието.

XIII/7

По однос на прашањето одговорено од министерот за стопанство и потпретседател на Владата Бекир Жута не сум задоволен и го поставувам следното дополнително прашање, со кратко образложение.

Овде не се работи да се дава објаснување каква е состојбата со прописите и кои мерки што веќе сите ги знаеме ги презема Владата. Се работи за еден проблем, остануваат еден добар дел работници по неколку основи без работа. Постојните претпријатија не можат да им обезбедат работа и не можат да им го регулираат социјалното осигурување, во тоа е проблемот. Владата не треба само да се бави со јавните дејности и јавните фондови, туку треба и со вакви мерки ако се јави проблем треба да се завземе и да даде решение. Ако не може солидарно да се плати социјалното осигурување на сите вработени, бидејќи таков е законот, да се преземе мерка што во таков случај. Претпријатието не се откажува целосно од плаќањето на придонесите за социјално осигурување, но не е во можност, може на таа група што останала како намален обем на работа, како технолошки вишок и по други основи останале без работа на тие да им го реши прашањето оти тие луѓе да си ги остваруваат правата во заводите за вработување или да се пензионираат оти работеле некои 35, некои 37 години или како што е прашањето дали ќе се преземат соодветни мерки, се зборува за странска финансиска помош, да се интервенира во такви мали и средни претпријатија што ќе останат од тие претпријатија за финансиска помош од Владата за да може да се направи ефективно вработување. Барам писмен одговор за таа работа.

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение)

Второ, за ова што кажавте за претходниот министер да ви кажам дека не сме се разбрале. Се работи за дозвола дадена за магацин за чување на хемиски препарати. И тоа е во ред, го дал човекот убаво. Се работи сега за ваше неизвршување, за вашето Министерство наместо таквата регистрирана дејност се обавува препакување на хемиски средства што создава загадување и труење на граѓаните. Значи вие не сте си ја во меѓувреме извршиле вашата стручна контрола и надзор. Тоа е прашањето и барам во рок од 7 дена, ја ќе ве потсетам сите, кој не сте запознаени да ги ангажирате вашите служби во подрачните единици, јас ќе ве потсетам во интерес на тие граѓани, бидејќи навистина се трујат и загадувањето е ненормално.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Дами и г-да имам три прашања, две до Владата и едно кломплетно до Министерството за здравство. На почетокот на годината најавено е дека РМ ќе користи во разни основи странски финансиски институции средства во висина од 180 милиони долари. Едно од прашањата по ова е дали е тој износ како најава е точен, дали може да се оствари или евентуално со неостварвуање кој би биле пречките за евентуално неостварување на тој износ. Понатаму како генерално како најава беше дека по тие основи би се вршела таа распределба.

Прво, урамнотежување на платниот биланс, Второ, развој на инфраструктурата и тера работа поттикнување и развој на мали и средни претпријатија. Значи прашањето е дали овој износ од 180 милиона долари користење на кредити од странски финансиски институции е точен, понизок, повисок итн. и при евентуални исполнување и реализација на овие средства во генерално по намена како тие би се употребувале.

XIV/2.-

Второто прашање е упатено исто до Владата во врска со работењето со Агенцијата за приватизација. Имено, Агенцијата е самостојна организација со признат- правен субјективитет и со доверени речиси целосно јавни овластувања, во врска со трансформација на општествениот капитал. Меѓутоа, со начинот како е таа формирана како се именуваат нејзините органи, како се финансира, а и ограничувањето на јавните овластувања не е целосно до крај и по дефиниција може да се каже дека е тоа организација на Владата на РМ со признат правен субјективитет и автономија во работата за која е задолжена Агенцијата за организација, спроведување и контрола на процесот на трансформација на општествениот капитал. Согласно член 8 од Законот за трансформација на капиталот, Агенцијата е овластена да ја контролира трансформацијата на општествениот капитал и таа е овластена да ја спроведува трајната контрола до целосното трансформирање на општествениот капитал, дури да постои и една приоритетна акција. Прашањето мое гласи:

Дали Агенцијата за приватизација квалитетно може да ја врши контролата на приватизацијата во РМ како една од нејзините битни овластувања. Ова го поставувам како прашање од аспект на постоење на објективни причини дека таа стварно објективно не може да го врши, како еден пример да речам бројот на предметите и да не го кажам се што спаѓа под контрола, што се трга да се контролира за што се јавуваат случаи во праксата правата на работниците да се повредуваат во постапката за трансформација на општествениот капитал. Значи да не бидам разбран погрешно не го напаѓам работењето на Агенцијата, туку од објективни причини дали таа онака по закон дадено може да ја врши контролата како овластување од објективни причини.

XIV/3.-

Третото прашање, е конкретно до Министерството за здравство, лично ме интересира до почитуваниот министер како се остварува програмата за задолжителна имунизација на населението од заразни болести во 1996 година, Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата на населението и третата програма за испитување на појавата на рашереност на спречување и ширење на бруцелозата кај луѓето.

Ако може на првите прашања од Владата да се одговори усмено, ако не писмено. Исто и од Министерството.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Со Макроекономската политика за 1996 година, во даелот каде што се говори за инвестициите ќе го најдете податокот, очекуваниот прилив од 180 мил .долара. Јас го подвлекувам очекуван затоа што тие средства некои треба да ги одобри, а ние треба да правиме напори, треба да си даваме услови за да некого го убедуваме да ги одобри. Не ни се гаранција дека по секоја цена толку како што не значи дека не може и повеќе. Дали ќе има повеќе зависи и од други одредени реални претпоставки меѓу кои и кредитната способност и критичната точка на задолжување. Во секој случај се работи за комерцијални кредити. Само ако го земете податокот од Европската банка за обнова и развој, чии кредити овде беа ратификувани, таму ги имате веќе 130 милиони марки во промет во Републиката. По неколку основи ги имате. Едниот основ се 40 милиони доверени на 4 деловни банки на РМ кој на крајните корисници треба да ги доделат. Едниот основ е далекуводот Битола - Скопје, третиот основ е реконструкцијата на пистата, системот на осветлување на Аеродромот во Охрид и изјавата нивна која може да биде и преку 180 кој сега во Рим на презентацијата на стопанството на

РМ интересите за поинтензивна соработка меѓу двете стопанства кој е поинтензивна и во овој момент претставниците на Европската банка за обнова и развој кој присуствуваа , беа дојдени токму поради таа презентација, не само што го повторија податокот од 130 милиона досега одобрени за РМ од таа институција, туку им најавија на италијанските стопанственици дека доколку овие проекти досега одобрени се реализираат, така како што се реализираат, тогаш Европска банка го дуплира својот дел. Тоа значи зависи од нас како ќе ги реализираме ефикасно, рационално и тн, и продуктивно и од таа оценка зависи да го дуплира Европска банка износот на кредитот.

Второ, во промет на Алмако банка се 20 милиони марки кредитот што го одобри Владата на Сојузна Република Германија и Владата на Република Македонија по 10 милиони и го формираа тој фонд од 20 милиони марки кој е во функција за мали и средни претпријатија.

Министерот за земјоделие со група свои соработници скоро беше во Вашингтон и се врати од Вашингтон и добрата вест ја чувте за 36-те милиони, од кој 18 милиони се оперативни.

Штом се трошат 18 милиони долари, следат другите 18 милиони. ако ги собирате овие и некои други, кои јас намерно неги бројам овде, сумата ќе биде и преку 180. Прашањето е до која мера е ефикасно трајните корисници и стопанствениците ги користат и за која може секојпат да се говори дали не можеше подобро и тн. меѓутоа, да се разбереме, тоа е веќе деловен однос банка претпријатие, не Влада претпријатие. Немојте да го барате тој однос Влада - Претпријатие. Ќе се вратиме таму каде бевме, ако почнуваме да инсталираме Владата меѓу банките и претпријатијата и ќе ги упропастиме тогаш и Владата и

претпријатијата уште еднаш како што беа порано.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, почитувани членови на Влада. Ќе ми дозволите на почетокот да ве потсетам на неколку пратенички прашања кои досег беа поставени и малку да ги дополнам, а после ќе преминам на нови пратенички прашања.

Имено, пред извесно време прашав и барав информација во врска со обезбедувањето на средствата и приоритетот на патниот правец Велес - Прилеп преку Бабуна, кој патен правец за нашиот крај значи многу. За жал се уште од Владата немам добиено што планира за оваа година, колку средства да вложи, иако ние добивме ветување до министерот од оваа говорница дека тој патен правец за оваа година ќе има приоритет. За жал, со усвојувањето на новиот закон за јавни патишта, информацијата од овој тек ќе ни биде апсолутно недостапна како пратеници и апелирам до Владата по итно да даде одговор на ова прашање, ние граѓаните од тој регион да знаеме уште колку години ќе останеме отсечени од светот.

Второ прашање, се однесува во врака со тоа што прашав пред извесно време, пред неколку месеци, а слично како еден пратеник денеска што праша, за работното време на кафаните и меанчињата кое во пракса е апсолутно неограничено, иако со закон е дефинирано, па сега тоа прашање на кое се уште не ми е одговорено би го дополнил и би сакал заедно со одговорот би требало да го добијам да биде дополнет со следното прашање:

Имено, ме интересира да добијам преглед кој досега и како е казнет за неправилно работеше, односно да добијам преглед по општини во претходните месеци колку се извршени казнувања за овие работи. Да видиме дали воопшто некој се грижи за таа работа.

Трето прашање кое одамна е поставено, односно да ви кажам за жал пред недела - две направи годишнина од кога е поставено прашањето, а се уште не сум добил подговор за жал нема да го кажам сега прашањето, ќе ја замолам Владата да го најде прашањето од почетокот на мај 19 95 година на кое се уште не ми е одговорено. Нека побараат во материјалите.

Би преминал на новите прашања: ме интересира да добијам преглед до Владата каков е бројот на странските државјани кои живеат во Македонија, каков е нивниот статус и како се регулира нивниот престој. Со прегледи тоа да ми се даде и со табели, бидејќи према кажувања од граѓани постојат доста граѓани од странски држави, кои не само што живеат кај нас, не само што престојуваат, туку и работат и остваруваат големи приходи и да не речам и други работи прават кои сепак подлежат, покрај она што е криминалните дел, на санкции затоа што странските државјани со такви дејности не треба да се занимаваат.

И на крајот, прашање до министерот за култура, пардон, до министерот за образование, макар што и министерот за култура може тука да одговори нешто. Сите како пратеници знаеме за манифестацијата "Мал битолски мон мартр", кој годинава прослави и јубулеј 15 години, веројатно сите знаеме дека таа манифестација се здоби со статусот на учесник во книгата на Гинис, но веројатно никој од

нас не знае, или многу малку знаеме дека таа манифестација или многу малку или скоро воопшто не е субвенционирана, или финансирана од Владата. Иако таа манифестација веќе 15 години ги згрижува децата од осумгодишните училишта, ги обединува на полето на ликовната уметност и упорно 15 години егзистира на чист волунтеризам. Барам преглед од Министерството и од Владата, со колкава средства и од кога е потпомогната ова институција и што понатаму планираат со ова институција.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Јас имам две прашања, едното прашање е до Министерството за труд и социјала, а може и да оди и до Министерството за стопанство.

Прашањето гласи: што ќе преземе Владата со трудовите инвалиди кои излегоа од Владата кои како технолошки вишок излегоа од работа како технолошки вишок од 25-те загубари после истекот на ангажираниот период предвиден со Законот за загубарите.

Имено, во Крива Паланка од акционерското друштво "Карпош" според законот за загубарите со програмата за технолошки вишок излегоа од работа над 400 вработени од кои околу 50-тина работници од излезените се трудови инвалиди. Со инвалидност од III категорија. Се работи за релативно млади работници кои имаат работен стаж испод 25 години и други испод 20 години. После истекот на апанажниот период, после септември или октомври истите работници би добиле статус на невработени. Самите вработени се прашуваат кои нив ќе ги земе на

работа, по оваа во Заводот за вработување, бидејќи се со намалена работоспособност, или инвалиди од III категорија.

Прашањето по можност може да ми се одговори денеска, а може и писмено.

Имам едно прашање и до Министерството за надворешни работи. Нас претминатаа година, т.е. пред 14 месеци поставив едно прашање на кое што добив одговор дека ова прашање ќе биде разгледувано и решавано после меѓусебното признавање меѓу СРЈ и Република Македонија. Јас само ќе го повторам прашањето без образложение. Кога ќе бидат отворени граничните премини према СРЈ на територијата на општина Крива Паланка, Република Македонија, Босилеград, Сојузна Република Југославија и Крива Паланка - Република Македонија, Трбовиште, Сојузна Република Југославија. Образложение е дадено пред 14 месеци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали во врскас со првото прашање има претставник од Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Првото прашање се однесува за инвалидите на трудот, кои како технолошки вишок се отидени и доколку немаат преку 25 години работен стаж, затоа што тие што имаат 25 години работен стаж тие продолжуваат до дефинитивно нивно пензионирање да го искористат правото на надоместокот од Заводот за вработување. Има отворени прашања кај оваа категорија која е под 25 години затоа што според постојниот закон тие можат до 3 години да бидат

XV/1.- CJ-ВБ

**БЕЌИР ЖУТА**: (продолжение)

Од надоместок, кој надоместок паѓа на товар на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Со оглед на проблемите, присутни, кои се во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување вие знаете дека таму има дебаланс меѓу потребите и можностите за исплата на пензиите го знаете и оној напор што пред две или три недели премиерот на Владата на РМ ја извести јавноста и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување дека Владата ќе прави посебни напори да обезбеди уште една пензија да се измири со тоа што по една десетина да се исплати заедно со редовната исплата на пензиите. Сето тоа е изаток, но се уште не го затвора целиот проблем за редовна исплата на пензиите и секој нов издаток на товар на Фондот ја зголемува разликата, негативна во работењето на Фондот и тоа е сериозен проблем.

Не е во прашање дали некој може и сака и го сваќа проблемот, сигурно е сериозен и деликатен, меѓутоа тој бара и билансни можности да може да се билансира, решението треба да се бара во една институција која во моментот не стои добро со материјални средства, тоа е Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

И, по правило, веројатно во одредени средини не воделе сметка доволно за тоа кога се определуваат да одат луѓето како технолошки вишок, во одредени средини водеа доволно сметка во тој список на лица кои ќе одат како технолошки вишок ги регистрираат оние што имаат 25 години работен стаж за да не се среќаваат со вакви проблеми, а оние што се под а се инвалиди на трудот под 25 години да не бидат во листата на технолошки вишок. Веројатно насекаде не успевале да го решат тој проблем, па има поединци од редот на оние кои не ги исполнуваат тие услови, т.е. имаат помалку од 25 години стаж и се сигурно своеврстен проблем. Ете, проблемите се од материјална природа, не е од недоразбирање на проблемот, и дека проблемот не постои како проблем.

XV/2.-

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри, прашање до Владата: Согласно член 41 од времениот Деловник за работа на Собранието на РМ потпретседателската функција е платена функција, строго професионално. Прашањето оди таму до Владата, колку е платата како советник на г-динот Благоја Филиповски во јавното претпријатие за аеродромски услуги и другите управни одбори, бидејќи се добива впечаток дека плата му е двапати повеќе, поголема од премиерот на државата.

Второто прашање, за министерот за урбанизам и градежништво. Замолен сум од 600 и повеќе граѓани од Месна заедница 1 од град Свети Николе бидејќи поминаа повеќе од два месеци одржани се две собранија одговор на околу измената на деталниот урбанистички план не е добиена. Информацијата од ресорното министерство доаѓа дека одговорот стои во фиоката на министерот, па е добро да се чуе, вака да чујат граѓаните од Свети Николе да не испадне дека претседателот на Собранието сака да ги руши. Би било добро министерот да даде усмено образложение.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Се чини информаторите многу лошо ве информирале. Таква информација сигурно не е точна затоа што за измената на Свети Николе согласноста се уште не е стигната до мене. Дали таа се наоѓа во службите во кои се дава стручно мислење и оценка на деталниот план или не, тоа можам во најскоро и писмено да ви го докажам со дати кога е примена и кога е добиена кај министерот. Ве уверувам сите овде дека таква информација до мене ден денес не е стигната.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Сега, да не дојде до недоразбирање, бидејќи утре имаме Парламент утре сум јас во Скопје, лично ќе дојдам кај министерот да го разјасниме ова.

XV/3.-

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господо Влада, Ќе одам директно на едно прашање: Зошто се уште не се нострифицираат дипломите кои се стекнати во Република Албанија, дали имаме исти вакви проблеми со другите држави, кога е во прашање нострификација на дипломите. Ова е едно прашање до Министерството аз образование и физичка култура. Ако може усмен одговор.

Второто прашање, во последниве години се формираат аматерски театри меѓутоа имаме некои сознанија дека тие немаат пристап до културните домови, така ги викаме, и дали е точно дека тие немаат никаков пристап во тие културни домови за обавување на нивните активности. Одговорот ако може да биде усмен.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Дипломите стекнати за сите степени на образование во друга држава подлежат на нострификација во РМ. Со Законот за основно и Законот за средно образование државата односно Министерството за образование и физичка култура ја спроведува постапката за нострификација на дипломите. Но, кога станува збор за дипломи за стекнато високо образование подеднакво за сите земји и тој проблем ни се јавува и за други земји. Според постојната законска регулатива, тоа значи Законот за насочено образование кој се уште е на снага, постапката за нострификација се изведува во високообразовните институции и постои тука определена спорост во одвивањето на таа постапка, на што и ние како Министерство укажуваме, а на такво прашање веќе беше даден и писмен одговор можеби на некој друг пратеник.

Со Законот што е во постапка за високо образование се предвидува промена односно воедначување на постапката како што е за основно и средно образование.

XV/4.-

(од место пратеникот Исмет Рамадани прашува дали е присутен министерот за култура на седницата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е тука министерот за култура, ниту заменикот. Одговор ќе добиете во писмена форма.

Бидејќи нема друг пратеник да постави пратеничко прашање дневниот ред е исцрпен и ја заклучувам Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 16,10 часот)